СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

[illegible] стр. 53

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од второто продолжение на Дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 јули 1991 година

30 јули 1991 година

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од второто продолжение на Дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија,одржана на 30 јули 1991 година

Седницата продолжи со работа во 11,25 часот.

СТОЈАН АНДОВ:

Несреќниот случај и закопот во Кавадарци на војникот Петар Тодоровски, јас морам да појдам таму, јас и господин Кљусев веројатно ќе одиме. Се договоривме во овој дел со седницата ќе претседава господин Арсов, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

ДРАГИ АРСОВ:

Да почнеме ќе Ве молам.

Господа пратеници да продолжиме со работата на седницата на Собранието.

Пред почетокот сакам уште еднаш да го извинам господинот претседател Стојан Андов, кој во моментот е отсутен и кој не може да раководи со седницата, затоа што во моментов има една обврска, сметаше дека треба да појде да присуствува на погребот на загинатиот војник. Поради тоа ме замоли со седницата да раководам јас и да продолжиме со работа.

Од Стручните служби сум известен дека на седницата се присутни мнозинството пратеници, според тоа го имаме потребниот кворум за редовна работа на Собранието. Констатирам дека поради потребниот кворум Собранието може да продолжи со работа и полноважно да одлучува.

За збор се јави пратеникот Арнаудов.

ЛАМБЕ АРНАУДОВ:

Почитувани пратеници, мислам дека е ред да му дадеме почит на загинатиот војник од Кавадарци со едноминутно молчење.

ДРАГИ АРСОВ:

Да го прифатиме предлогот на господинот Арнаудов.

Ве повикувам да му оддадеме почит на загинатиот војник со едноминутно молчење.

(со едноминутно молчење се оддаде почит на загинатиот војник).

Слава му.

Минуваме на точката 15 - Предлог за донесување на закон за посебниот данок на промет на производи и услуги со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и на ЗПК Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за посебен данок на промет на производи и услуги.

Кој е за, молам да крене рака?

Дали има некој против? (72 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласањето?(Никој).

Констатирам дека со мнозинство на гласови е усвоен Предлогот на закон.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?(Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласањето? (нема).

Констатирам дека со мнозинство гласови е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлгоот на законот.

Бидејќи Предлогот на законот содржи одредби кои имаат повратно дејство, согласно членот 262 став 2 од Уставот на Република Македонија, Собранието треба да утврди дали постои општ интерес за усвојување на овие одредби.

Го молам претставникот на Владата на Република Македонија да го образложи општиот интерес за усвојување на овие одредби.

Има збор господин Тошевски.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Мислам дека во расправата на Комисијата последниот член 7 е поинаку стипулиран и нема потреба од посебно објаснување.

ДРАГИ АРСОВ:

Го чувте образложението на членот на Владата дека постои општ интерес за усвојување на овие одредби.

Дали Собранието прифаќа дека постои општ интерес за повратно дејство на одредбите на овој Предлог на закон?(Се прифаќа).

Констатирам дека Собранието утврди дека постои општ интерес за повратно дејство на одредбите на овој Предлог на закон.

- Ве известувам дека Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на членовите 1,2,3,5,6 и 7, а Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на Тарифниот број 3 во ставот I со кои се согласи претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон,

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на членовите 6,7 и на Тарифниот број 3 и 5.

Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија ги подржаа амандманите на член 6 и 7 и на Тарифниот број 5 а претставникот на предлагачот ги прифати и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Амандманот на Тарифниот број 3 поднесе од пратеникот Тодор Петров комисиите и претставникот на предлагачот на седниците на комисиите го прифатија, меѓутоа во писменото мислење доставено од Владата на Република Македонија, Владата не го прифаќа овој Амандман.

- Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Тошевски.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Останува ме на мислењето на Владата.

ДРАГИ АРСОВ:

Во тој случај согласно одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието треба да води претрес по овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на тарифниот број 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Има збор господин Петров.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Прво би предложил на Владата и нејзините министри да мислат исто и на работните тела и на своите седници затоа што амандманот беше прифатен на работните тела, меѓутоа сега, според Мислењето на Владата после одржаната седница не е прифатен.

Јас останувам на амандманот и Комисијата тоа го прифати. Предлагаме Собранието позитивно да се изјасни.

Суштината на амандманот се состои во следното:

Според Законот, Сојузниот за основен данок на промет беше предвидено оД "1 јули стапката на данок на промет за патнички автомобили , употребувани, до 10 посто, што беше предвидено со Републичкиот закон за Републички данок на промет да се укине. Меѓутоа, органите на управата оваа одредба од Сојузниот закон воопшто не ја применуваат во овој период од 1 февруари до денеска и практично на сите лица што вршеа купопродажба на употребувани патнички автомобили, при секоја купопродажба им се уплатуваше Републичка стапка од 10 посто. На тој начин противзаконски и противуставно граѓаните се оштетени за висината на средствата одземени со оваа Републичка стапка.

Наместо Владата да предложеше на Републичкото собрание веднаш закон, по итна постапка за да се избрише од Републичкиот закон републичката стапка од 10 отсто, Владата дури денес предлага.

За да не настанат и понатаму било какви злоупотреби во примената на оваа одредба, а тоа значи 10 посто колку што е утврдена висината на стапката при данокот на промет на употребувани патнички автомобили и моторни возила што подлежат на регистрација, предложено е

со амандманот во форма на забелешка да се наведе дека Републичкиот данок на промет не се наплатува за купопродажба на употребувани патнички автомобили. Тоа значи дека данокот на промет ќе се наплатува само при набавка на ново патничко возило. За да не настанат забуни и по инерција примена на нешто што е противзаконски и противуставно во органите на управата, се предлага амандман во форма на забелешка, да тостане укажувањето како што е тоа направено во други членски одредби, во форма на забелешка дека данокот на промет при купување на употре-бувани патнички автомобили не се наплатува.

ДРАГИ АРСОВ:

За збор се јави госпоѓа Стојанова.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Комисијата за финансирање и буџет на својата седница го прифати амандманот на пратеникот Тодор Петров. Со истото тоа се согласи и претставникот на Владата.

На истата седница Комисијата предложи и свој амандман на тарифниот број 3 со што претставникот на Владата се согласи. Тој амандман гласи дека "на промет на нови патнички автомобили посебен Републички данок на промет се плаќа со стапка од 10%"

Фактички, со тој амандман на Комисијата се определува дека при промет на патнички автомобили само на нови возила ќе се плаќа данок на промет.

Сепак, тргнувајќи од инсистирањето на пратеникот Тодор Петров, Комисијата ја прифати забелешката во забелешка да стои дека при промет на употребувани патнички возила не се плаќа данок на промет. Исто така тоа може да се поткрепи и со член 2 во кој што стои

дека во поглед на даночните ослободувања и олеснувања важи Сојузниот закон. Така што, нема да се згреши ако се гласа за амандманот на пратеникот Петров бидејќи тоа е регулирано со тарифниот број 3 и со амандманот на Комисијата.

ДРАГИ АРСОВ:

Меѓутоа, овде слушнавме две спротивни мислења. Претседателот на Комисијата за финансирање и буџет, кажа дека на седницата на Комисијата претставникот на Владата дал согласност, меѓутоа, овде претставникот на Владата рече нешто друго, спротивно на тоа.

Го молам претставникот на Владата да објасни.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Јас го кажав заправо истото. Од тие причини што ги објасни пратеникот Стојановска, како претседател на Комисијата, бидејќи проблемот е разрешен со амандманот кој е прифатен во членот 3, автоматски нема потреба да се прифати и внесува амандманот што го предлага пратеникот Петров, бидејќи содржината , целта што со тој амандман ја имаше, како намера е постигната со прифатениот амандман. Затоа Владата и го одби овој амандман бидејќи е беспредметен.

ДРАГИ АРСОВ:

За збор се јави господин Петров.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Знаете што, едно патничко возило може и десет пати да се препродава и пак да биде ново и убаво. Ако во забелешка ставиме дека се работи за промет на употребувани патнички возила не се наплатува данок во промет, тогаш поексплицитно ќе биде назначено и во Законот при примената на таа законска одредба.

ДРАГИ АРСОВ:

Дали некој друг бара збор? (не бара).

Го заклучувам претресот по амандманот на пратеникот Петров на тарифниот број 3 и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (70 пратеници)

Дали има некој против? (2 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласањето? (5 пратеници).

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на тарифниот број 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(80 пратеници)

Дали има некој против? (нема никој)

Дали некој се воздржува од гласањето?(нема никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги.

Минуваме на точката 16 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за уредување на имотните односи настанати со против правни заземања на земјишта во општествена сосптвеност, со Предлог на закон.

- Предлогот за донесување на законот со **Предлогот** на законот, извештаите на Комисијата за општествено политички систем и на Законодавно правната комисија како и Мислењето на Стопанската комора на Македонија Ви се доставени - односно поделени.

ОТВОРАМ ПРЕТРЕС ПО ПРЕДЛОГОТ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН

- Молам кој бара збор? (Никој).
- Дали некој бара збор?
- Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следиот

З А К Л У Ч О К

- Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за уредување на имотните односи настанати со против правни заземања на земјишта во општествена сопственост.
- Кој е за, молам да крене рака? (71 пратеник).
- Дали има некој против? (Нема).
- Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).
- Констатирам дека Заклучокот е усвоен

II

- Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.
- Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)
- Дали некој има против? (нема)
- Дали некој се воздржува од гласањето?(Никој)

Констатирам дека со мнозинство гласови е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

ДРАГИ АРСОВ:

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Ве известувам дека ЗПК поднесе амандмани на членовите 4, 5 и 7 со кои се согласи претставникот на Предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Кирил Ковачевски поднесе амандман за додавање на нов член 6-а.

Комисијата за општествено-политички систем не го поддржа овој амандман а претставникот на предлагачот не го прифати и согласно одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието треба да води претрес по овој амандман.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 6-а поднесен од пратеникот Кирил Ковачевски.

Молам, кој бара збор?

Има збор Кирил Ковачевски.

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:

Почитувани пратеници, едно објаснување околу овој амандман.

Се работи за узурпираните места од страна на поединци. Знаеме, од време на војната па до денеска, постојано се вршат узурпации на плацеви и на тие плацеви се изградуваат куќи, се обработуваат,атие лица не плаќаат ни даноци. Всушност тие се привилегирани лица. Затоа го поднесувам овој амандман да

дојде крај на овие појави. Прв закон има уште 1948 година, оттогаш извршните совети еден на друг пренесуваат, си тече времето, а тие лица, узурпаторите си седат на своето место. Сега, кога имаме, навистина, Влада, имаме повеќе партиски систем ред е ова прашање да го решиме. Тоа се решава на тој начин што даваме еден рок. Рок од 3 години.

Ако овој закон нема рок ништо нема да помогне и работата ќе си тече и понатаму како досега.

Во Тетово само од општинското собрание има узурпирано колу 880 плацеви. Исто така ЗОК, ШИК "Јелак" над 2.000, што значи такви случаи има над 3.000. Кога ценам по жители на Република Македонија испаѓа околу 50-60 илјади такви случаи. Ако не ставиме сега крај тоа никогаш нема да се направи. Затоа предлагам во рок од 3 години Владта да преземе мерки и да го разреши овој проблем.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Овој предлог 2 острини има. Грабење на општонароден имот и населување на туѓи луѓе на тие имоти. Најсериозно треба да се прифати предлогот на господин Ковачевски и не треба 3 години да се чека. Ако се чека на секој наш предлог по 3 години ние половината ќе не прости господ. Тие што ќе дојдат ќе бидат тие луѓе што го имаат оградено местото. Значи, јас ќе бидам поконкретен за случајот.

Ние да го прифатиме предлогот а Владата да донесе закон со кој ќе се одземат тие ограбени имоти. Тоа се ограбени имоти. Тие се општодржавни имоти. Тие се народни имоти. Добро,

ама тука има една друга работа. Има една друга работа што кога грабаат оние што не требаше да грабаат, тука беше и празнината **на** законот, **на** едноумието, грабнаа имоти и туѓите луѓе. Ве молам најсериозно сватете го тоа и предлогот сватете го и не треба да се делиме барем за ова. Тој што ти го зема дворот утре ќе ти ја земе и куќата.

ДРАГИ АРСОВ:

Ова излагање на пратеникот господин Анастасовски всушност е упатено до Владата да го има во пред а не како инсистирање да влезе во амандманот.

Молам, кој друг бара збор во врска со амандманот. (Никој)

Бидејќи предлагачот на амандманот, господин Ковачевски како разбрав останувате вие на тоа, а и дали нешто претставникот на Владата по дополнителното објаснување што го даде предлагачот на амандманот има нешто да се произнесе.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Целата аргументација за амандманот е на страната на предлагачот. Ние сме за тоа совршено свесни, меѓутоа укажуваме на 2 моменти кои ја прават таа одредба нереална. Заради тоа Владата не ја прифаќа.

Прво, она што е во постапка и што е откриено се води и во согласност со роковите утврдени во законот ќе бидат" завршени. Има голем број на узурпирани површини кои не се откриени.

Сега во Републиката се спроведува Програмата за премер и катастар. Со постапката на премерот и катастарот се доаѓа до нови откривања, покрај оперативното што го вршат службите на пријави и со други сознанија што покренуваат постапка. Има голем број на такви узурпации кои уште не се познати.

Утврдување на рокот претставува една задача за која Владата знае однапред дека во рок од тие 3 години проблемот на узурпациите не може да биде разрешен главно поради тоа што не се има евиденција на сите узурпирани површини. За оние постапки што се покренати и за оние за кои има сознание не е проблем да се прифати рокот од 3 години.

Тие се причините што Владата не го прифати овој амандман.

Бидејќи пратеникот инсистира на амандманот јас не можам ништо друго да кажам освен дека останувам на ставот на Владата поради оваа аргументација, а Собранието нека се определи.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Нека ги прости господинот министер но морам да кажам 2 збора. Ако неможеме да го решиме прасшањето за 3 години тогаш што можеме да решиме. На тоа да ми одговорите.

И уште сакам да кажам една работа. Ке дадам еден предлог само. Можеме вака да направиме. Бидејќи постојат општини, месни заедници и месни канцеларии, како сакате кажете ги да се формира комисија во секоја општина за да не ја боли глава многу Владата и тие комисии да ја извршат целата работа. Со определен рок да достават до Владата што тие се најдоа во секторите, местата каде што тие живеат. Ако така постапиме ми се чини дека многу полесно ќе дојдеме до вистината за узурпацијата.

ДРАГИ АРСОВ:

Јас се придружувам кон апелот што го даде г-дин Ханџиски. И за да ја завршиме оваа точка ги молам службите доколку има надвор некои пратеници да влезат во салата. Инаку имаме кворум, 63 се присутни меѓутоа, доколку надвор од салата уште некој да влезат да ја завршиме оваа точка и исто така го прифаќам овој предлог после тоа да дадеме една кратка пауза.

Молам по претрес на текстот на Предлогот на законот кој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање?

Кој е за молам да крене рака? (57 пратеници)

Кој е против? (1 пратеник)

Кој е воздржан (4 пратеника)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за шумите.

Минуваме на точката Дваесет - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за труд и социјална политика и на Законодавно-правната комисија Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

- Собранието го усвојува Предлогот за донесување **на** закон за изменување и дополнување на Законот за вработување.

А ако чекаме катастарот да ни даде материјали, па Владата да го реши, јас верувам ни за 5 години нема да се направи тоа. Јасно да ни биде. Затоа што ние сме и такви малку по природа, македонците, чекај малку има 3 години, има уште малку време. И така си оставаме, си тапкаме во место. Јас лично не верувам дека и за 3 години може да се направи.

Ако се прифати предлогот да се оствари предлогот што го дава господин Ковачевски ми се чини за I година ќе биде свршена целата работа. Но нешто друго е болката што отпрво ја потцртав. Тоа може да оди и 5 години.

Ние бараме работи да извршиме, да направиме правна држава. Правна држава не можеме да направиме ако чекаме за секој предмет да се решава 3 години. Апсолутно да не се лажеме. Убаво сега ги носиме асмандмасните и предлозите, Владата треба да ги реализира. Од сите предлози и амандмани што досега ги прифативме несакам да речам дека едниот има поголема тежина, а другиот има помала тежина, сите си имаат своја тежина, но овој предлог што сега се даде од Ковачевски има најголема тежина. Да се знае стопанот.

И уште нешто ќе предложам, сега ми дојде на памет нешто друго повеќе занесен Катастарот наш на бановината. Така гласи. Одете земете едно решение, или што барате од нашиот Катастар, ќе видите дека гласи бановина. Проверете го тоа и одговорете ми.

ПЕТАР ГОРГИЕВ:

"Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

Со поднесувањето на предлогот за донесување на закон за изменување на законот за уредување на имотните односи настанати со противправно заземање на земјиштето од општествена сосптвеност се остварува една определба која што е доста сериозна и во непостоење на еден катастар во Републиката, кој што сега се уредува, сметам дека треба да се уоквири и обврската и јас сум за оквирување на обврската во рамките на 3 години за реализација на обврските што произлегуваат од овој закон. Ке илустрирам неколку податоци од општината Кавадарци, кои што во оваа материја се присутни од 1984 година, но на жалост кое раководство во својот мандат ќе почне да ја реализира оваа материја, тоа раководство при крајот се откажуваше доследно да ја реализира. Имаме узурприрано 1700 ха обработливо земјиште. И тоа обработливо земјиште сега е покриено и со долгогодишни насади. Инаку,. на одреден начин се преку одредени договори за, барем како така одреденас надокнада обезбеди за покривање на одредени обврски по месните заедници заради користење на тоа општествено земјиште иако во тие договори беа посебно уредувани односите да не се зафаќа узурпираното земјиште со долгогодишни култури. Сметам дека на тоа узурпирано земјиште денеска повеќе од 50% се наоѓа под долгогодишни култури. Не сум за тоа да не се уредат односите, **а** сега ги имаме правците за уредување на сопственичките односи, не сум за тоа да одредени објекти и вложени средства за подобрување на квалитетот на тие земјишта се уништува, туку сум за тоа да се уредат односите на сопствениците што сега ги имаат, а тоа законот го дозволува со државата. Оттука и сопствениците ќе ги ставиме во рамноправна положба пред останатите што ги имаат обврските како сопственици од земјиштето и обејктите со кои тие располагаат.

Оттука сметам дека треба да се прифати амандманот што е предложен од господинот Ковачевски, а најсериозно Владата да си ја  земе обврската **и** сметам дека во оваа работа треба да се формира во Владата посебно тело во кое што ќе бидат ангажирани стручни лица, кои.стручни лица ќе ја спроведат  во целост законската регулатива што се регулира со овој закон. Доколку не се свати ова сериозно сигурно дека во одредени моменти, по одредели ме-ханизми на пријателство, мито, корупција, ќе дојдеме пак во ситуација да во еден дел или едне дена пак констатираме дека овој закон не се реализира, а некој друг состав пак ќе расправа по истиот проблем.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Имам конкретно прашање до предлагачот на амандманот. На што конкретно мисли кога амандманот мисли дека имотните односи што настанале со противправно заземање на земјиште во општествена сопственост до влегувањето во сила на овој закон ќе се расправа во рок од 3 години сметано од денот на неговото влегување во сила. Дали нема оние што не можат да се откријат после изминатите 3 години, нема за тие да се расправа. Конкретно мислел предлагачот? Дали мислел дека ќе можат за сите наредните 3 години да се откријат сите и по нив да се расправа. Што е со оние што нема да  се откријат, дополнително ќе бидат откриено после 3 години? Едно поконкретно согледување од негова страна.

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:

Јас сметам дека на овој начин за 3 години ќе се откријат сите. До сега не се откривале од други причини. Се знае

од кои причини не се откривале. Сега навистина ќе се откријат за 3 години, кога имаме ваква стручна Влада, стручни служби, ако треба и ќе ги појачаме, важно треба крај да се стори на ова.

РИСТО СТАМЕНОВ:

Амандманот е на право место и треба да се прифати. Ако досега имавме проблем од 30 или 35 општински држави, кои не сакаат тој проблем да го решат, сега на ниво на Републка ако сакаме можеме за 3 години и да се откријат и да се решат овие прашања. Прашање е дали ние сакаме или не сакаме, а бидејќи овој Парламент сака ова прашање да се реши да се прифати амандманот и ќе се реши. Како ќе се решава имаме различни случаи, има изградено има узурпирано, има ораници, плацеви и т.н. Владата ќе си најде начин  како тоа да го реши.

ДРАГИ АРСОВ:

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот за додавање на нов член б-а.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Никој) Дали некој се воздржува од гласање? (7)

За амандманот гласале 69 пратеници и дека Собранието го усвои амандманот за додавање на нов член 6-а поднесен од пратеникот Кирил Ќовачевски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да  крене рака? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за уредување на имотните односи настанати со противправни заземања на земјишта во општествена сопственост.

ДРАГАН АРСОВ:

Минуваме на точката 17

Предлог за донесување на закон за изменување и допол-нување на Законот за промет со земјишта и згради, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за градежништво и урбанизам, Комисијата за финансирање и буџет и на Законодавно-правната комисија како и Мислењето на Стопанската комора на Македонија, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон. Молам, кој бара збор. (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за промет со земјишта и згради.

Кој е за, молам да крене рака. (делегатите креваат рака)

Дали има некој против. (нема)

Дали некој се воздржува од гласањето. (никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака. (делегатите креваат рака)

Дали има некој против. (никој)

Дали некој се воздржува од гласањето (никој)

Констатирам дека со мнозинство гласови е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.
Молам, кој бара збор. (никој)
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот Претрес.
Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.
Ве известувам дека Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на членовите 2 и 17 со кои се согласи претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон. Молам, кој бара збор по текстот на законот? (никој)
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закрнот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака. (делегатите креваат рака 73 пратеници).
Дали има некој против. (нема)
Дали некој се воздржува од гласање. (никој)
Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за промет со земјишта и згради.
Преминуваме на 18-та точка
Предлог за донесување на закон за престанување на важење на Законот за максимумот на обработлива земја што се остава на семејни задруги и земјоделски домаќинства на подрачјето на Република Македонија, со Предлог на закон.
Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство и на Законодавно-правната комисија како и Мислењето на Стопанската комора на Македовија ви седоставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.
Молам, кој бара збор?
Има збор Горан Зафировски.

ГОРАН ЗАФИРОВСКИ:
Предлагам овој закон да не оди како предлог туку како нацрт на закон,зошто што ќе правиме со оноа земјиште што се јавува како одземено од тие сопственици над максимумот или да стои да се врати земјата или да се донесе закон за враќање на одземената земја.

ДРАГАН АРСОВ:
Молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог наместо да се донесе предлог на закон да се оди со нацрт на актот.
Има збор министерот Тошевски.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:
Нема потреба да се оди во таква процедура, бидејќи сега се санкционираат некои одредби што се внесени во Уставот и е кажано повеќе нема ограничување на земјишниот максимум а се друго оди на зафаќање и узурпација, односно тоа не ги ослободува обврзниците од мерките на другите закони. Ова е симнување на мерката што се однесува на земјишниот максимум за уредување на сопственичките односи а за неуредените сопственички односи се применуваат законите што ја регулираат таа материја.

ДРАГАН АРСОВ:
Дали пратеникот Зафировски останува на својот предлог?

ГОРАН ЗАФИРОВСКИ:
Се повлекувам.

ДРАГАН АРСОВ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранивто го усвојува Предлогот за донесување на закон за престанување на важење на законот за максимумот на обработлива земја што остава на семејни задруги и земјоделски домаќинства на подрачјето на Република Македонија.

Кој е за молам да крене рака. (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање. (никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен со мнозинство на гласови, 1 воздржан.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака. (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон со мнозинство гласови.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон. Молам, кој бара збор? (никој)

Дали некој друг бара збор (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Ве известувам дека пратеникот Тодор Петров поднесе амандман во насловот и амандман на член 2.

Комисијата за земјоделство и шумарство и Законодавно-правната комисија ги поддржаа овие амандмани а претставникот на предлагачот ги прифати и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака. (пратениците креваат рака)

За предлогот на законот гласаа 68 пратеници.

Дали некој се воздржува од гласање( 1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за престанување на важење на Законот за максимумот на обработлива ѕемја што се остава на семејни задруги и земјоделски домаќинства на подрачјето на Република Македонија.

Преминуваме на 19-та точка

Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон и извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство и на Законодавно-правната комисија Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите.

Кој е за, молам да крене рака. (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Конетатирам дека заклучокое е усвоен со мнозинство на гласови.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон со мнозинство на гласови.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Ве известувам дека Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на членовите 1, за додавање нов член 5-а, членовите 12, 23, 27 и 34 со кои се согласи претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Во врска со амандманот на Законодавно-правната комисија пза внесување на нов член 5-а, претставникот на предлагачот во Комисијата за земјоделство и шумарство не се изјасни дека го прифаќа.

Според тоа твој амандман не е составен дел на текстот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на членовите 9, став 1, 10 и 25 став 2.

Владата на Република Македонија го прифати амандманот на член 25 став 2 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија не го поддржува аман-дманот на член 9 став 1 а пратеникот Тодор Петров на седницата на Комисијата за земјоделство и шумарство го повлече. На седницата на Комисијата за земјоделство и шумарство, пратеникот Тодор Петров го преформулира амандманот на член 10. Со новиот амандман се согласи Комисијата за земјоделство и шумарство и претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Продолжуваме по претресот со текстот на Предлогот на закон. Мегутоа овде една работа не е разјаснета бидејќо во врска со овој амандман 5-а на Законодавно-правната комисија која го внесува како новчлен, а предлагачот на Комисијата не го прифаќа Овој дел не е составен дел на текстот, ставот на Владата, да го чуеме ставот на Владата. Исто не е прифатен тој.

Го молам претставникот на Законодавно-правната комисија.

ТОМЕ СТОЈАНОВСКИ:

Сега не знам дали ова ќе биде амандман на Комисија или предлагачо да го прифати заради концентрација на средствата. Тоа по излагањето на Комисијата беше да се прифати и сите средства да се концентрираат во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Сега не знам зошто има друго мислеше. Затоа ние најдовме засходно да направиме член 5-а.

ИВАН АНГЕЛОВ:

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, Овој амандман ние го разгледувавме на Комисијата и после една подолга дискусија и одредени мислења кои што беа исто така стигнати од страна на Стопанска комора на Македонија, понатаму на асоцијација на шумарите итн ,ние се согласивме овој амандман да отпадне, да не се прифати од причини што овој закон е сега привремен и ние како заклучок донесовме став да се користи истиот член 2 0 од поранешниот закон за шумите. Значи во употреба наместо овој член 19 како што е вака зацртан во службена употреба да биде член 20 од стариот закон кој што е регулиран на стар начин. Бидејќи нашите предлози не беа прифатени, ние се согласивме, најдовме една средина, бидејќи овој закон е од привремен карактер и ние во најскоро време предвидуваме да донесеме нов закон.

ДРАГИ АРСОВ:

Дали по ова мислење на господин Ангелов останувате на својот став?

ТОМЕ СТОЈАНОВСКИ:

Од Извештајот на Комисијата ќе видите. Вели Комисијата го поднесува овој амандман по предлог на предлагачот.

Штом тоа останува ние го повлекуваме овој амандман во Комисијата.

ДРАГИ АРСОВ:

Дали уште некој бара збор?

ТОМЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас сакам да укажам на една работа овде. Ние во ЗПК ова го очекувавме, меѓутоа, таму има само две права да оцениме дали е тоа уставно и дали има потреба од донесување на овој закон. Утврдено е дека и едното и другото псстои. Меѓутоа, ќе укажам на содржината на член 19 каде се воведува нова обврска што досега во Законот не постоела , меѓутоа, се постави да се врши усогласување по овој закон и се воведува плаќање на 15 посто од вредноста на исечената нето дрвна маса, пресметана по пазарни цени на дрво во тековната година според статистички податоци, а со ова се задолжуваат сопствениците на шумите. Во став 2 од истиот член се додаде дека средствата ќе одат на сметка на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Во изменетиот закон, член 84, дава дека таму за сите групи ќе се наплаќа 20 посто, потоа дава што се овие средства ќе бидат користени. Јас само ќе ви прочитам дел од ова. Вели ќе се користат за пошумување, обнова, мелиоризација, реконструкција и нега на шумите. Сите овие четири обврски на приватните шуми не можат да се вршат , ниту се извршуваат. Понатаму заштита од болести ќе се чини. Сметам дека оваа стапка од 15 посто во однос на 2 0 каде овие се главни, таму се прават патишта, се врши реконструкција и друго, мој предлог-е дека неможе да биде повеќе од 5 отсто. Инаку ќе не може приватните да се одржуваат и сами како такви, тие ќе

имаат да плаќаат за одржување на своите шуми. Сакам да укажам до даденат

стапка е многу поголема и Собранието да заземе став дека овој процент не го прифаќа, туку да го прифати на 5 посто.

ИВАН АНГЕЛОВ:

Малку незгодно што по два пати се јавувам, меѓутоа, оваа работа беше-расчистена на комисиите имаше дискусии по тоа, меѓутоа, пратеникот беше отсутен, имаше претставник од таа Комисија и ние сите тие работи ќе ги усогласевме и јас сметам дека ќе нама никакви проблеми. Меѓутоа, само да дообјаснам ние со овој закон се залагаме дека приватниот сектор и општествениот сектор треба да работи во еднакви услови. Према тоа, оваа обврска ја има и едниот и другиот сектор и ќе ја има и понатаму. Со новиот закон тоа уште повеќе и појасно ќе бидекажано, но сега е во уптреба стариот член кој ја регулира оваа материја а сега оваа работа што не се плаќаше кај приватниот сектор, сега се воведува и тоа. Инаку и општествениот сектор има предвидено да плаќа 20 посто , а таа сума му се враќа пак нему меѓутоа, со одредена програма за пошумување за заштита, за пожари итн.

ДРАГИ АРСОВ:

Јас повторно се обраќам до господин Томе Стојановски Вие не инсистиравте ова да биде амандман. А дотолку инсистирате на амандман треба да го поднесете во писмена форма и да го образложите и по него да се произнесе Комисијата .

ТОМЕ СТОЈАНОВСКИ:

Ќе го искористам ова право.

ДРАГИ АРСОВ:

Досега не сте поднеле амандман во писмена форма, бидејќи ние амандманот го немаме доставено во писмена форма, по него не можеме да расправаме. Доколку Вие инсистирате на тоа треба да го

умножат службите, да го добиеме потребното мислење на телата, па да можеме да расправаме по него.

ТОМЕ СТОЈАНОВСКИ:

Предлагам да се одложи донесувањето на овој закон. Да ми се даде можИдст по писмен пат да доставам амандман.

ДРАГИ АРСОВ:

Го чувте предлогот ка господин Томе Стојановски, По неговиот предлог, предлагам да се произнесе Собранието.
Кој е за предлогот на господин Томе Стојановски, да ја прекинеме расправата по оваа точка, за да може тој меѓувреме во писмена форма да го предложи амандманот, да го разгледаме и да продолжиме со расправа по оваа точка.

Ќој е да се одложи расправата по оваа точка, , молам да крене рака? (24 пратеници).

Според тоа, неговиот предлог не е прифатен.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Господине претседателе, Вие не забележавте дека после пребројувањето излегоа тројца пратеници и моментално немаме кворум. Или предлагам да прекинеме со работа на седницата, да се повикаат сите пратеници, да приидиме кон сериозна работа или понатаму на ваков начин нема што да работиме, ниту да ги залажуваме тие што не избраа дека одговорно и доследно ќе одговориме на поставените задачи. Ве молам, без кворум, па дури и со минимален кворум ова Собрание не може да носи никакви акти, закони од каков и да е карактер.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Сакам да му укажам на претходниот дискутант и на сите комунисти овде присутни да престанат да си прават политички маркетинг од ваков вид. Можат да се пребројат колку се тие присутни овде од нивната партија.

РИСТО СТОЈМЕНОВ:

Јас мислам дека нема потреба да почнуваме со кавги. Наша должност е да бидеме тука и да одлучуваме иако немаме кворум да дадеме мала пауза да ги повикаме кспегите, без разлика од која партија се. Едвај чекаме вон дневниот ред, и тука сме јаки, а за дневниот ред кога треба да одлучуваме, тука не сакаме да дискутираме. Секој закон, она што Томе предложи , ако е во интерес на квалитетно подобрувае на законот, зошто да не се прифати. Ако така не пристапиме во идното работење ние незнам на кого и служиме. Ние сите закони што ќе ги донесеме овде треба да служат на народот, на државата, на економијата итн. Не гледам што има тука да расправаме. Затоа да нема кавги предлагам мала пауза да им се укаже на оние кои што ја напуштат секојпат седницата да бидат тука и да се работи.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Јас се повикав на нашата одговорност и сериозност и апсолутно не погледнав кои пратеници излегоа и од која партија. Према тоа не ги делам пратениците ни на комунисти ни на новомакедонци ни на старомакедонци. Во прашање е образот на Собранието на Република Македонија.

Кој е за, молам да крене рака? (Мнозинството)

Дали има некој против? (Нема) Дали некој се воздржува од гласање (Никој)

Констатирам дека со мнозинство гласови Заклучокот е усвоен.

Дали Собрнаието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? ("Мнозинството)

Дали некој има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Ве известувам дека Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандман за додавање на нов член. 2-д и амандман на членот 3-г, а Законодавно-правната комисија поднесе амаднмани на членовите 2, 5, став 1, 6, 9, 12, 27 и 29.

Со предложените амандмани се согласи претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани и на членовите 3-в и 3-д со кои не се согласи претставникот на предлагачот и согласно одредбите на Деловникот на Собрнаието на Република Македонија, Собранието треба да води претрес по секој амандман одделно.

ДРАГИ АРСОВ: (Продолжение)

Отворам претрес по амандманот на членот 3-в поднесен од ЗПК.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот на член 3-в.

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за молам да крене рака? (54) Дали има некој против? (Нема) Дали некој се воздржува од гласање? (3) Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 3-в поднесен од ЗПК.

Отворам пертрес по амандманот на член 3-д поднесен од ЗПК.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот на член 3-д.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (61)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 3-д поднесен од ЗПК.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на членовите 1 став 2 , 2-а, 3-а, 18, амандман за додавање на нова глава 11-а и амандмани на членовите 23, 24, 25 и 32.

Комисијата за труд и социјална политика не ги поддржа овие амандмани, а претставникто на предлагачот не ги прифати и согласно одредбите на Деловникот, Собранието треба да води претрес по секој амандман пооделно.

Отворам претрес по амандманот на членот 1 став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот господинот Тодор Петров.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Сакам на почеток да ги известам пратениците дека амандманите 1, 2, 3 став 1, амандманот 8 и амандманот 9 ги повлекувам а барам Собранието да се произнесе по амандманите 4, 5, 6,7 и став 2 на амандманот 8, за кои го задржувам правото да се произнесдам дополнително при нивниот поединечен претрес, бидејќи не го прифаќам мислењето на Владата.

Доколку сега се отвори расправа по амандманот 4 за да не се враќам повторно од место би го кажал следното:

Амандманот 4 според поднесеното се однесува дека членот 44 од постојниот закон за вработување си остане во сила со тоа да се изврши дополнување и допрецизирање дека станува збор за утврдување ранг листи при вработувањето во случај кога станува збор за организации во општествена и државна сопственост.

Сметам дека конкурсот и постоењето на ранг листите врз основа на претходно утврдени критериуми мора да останат и понатаму пред се" во организациите кои сеуште ќе останат во овој меѓу период во општествена сопственост и во организациите во државна сопственост за да се спречат евентуални злоупотреби

при спроведувањето на конкурсната постаика за вработување на лица. Сметам дека се уште правните субјекти во стопанството и вон стопанството немаат карактер на институции во приватна сопственост и токму заради тоа не може да се применува правото на работодвачот односно основачот на правното лице во приватна сопственост да може сам да ги утврдува критериумите и сам да го спроведува конкурсот за прием на лица во работен однос за сите субјекти во било кој вид на сопственост и токму заради тоа предлогот е на амандманот 4 кој го поднесувам во организациите во општествена и државна сопственост конкурсот со постоењето на ранг листи врз основа на критериуми утврдени со овој закон и со актот на правното лице и понатаму да остане во сила.

ДРАГИ АРСОВ:

Господинот Петров бидејќи ги повлече амандманите на членовите 1 став 2, 2-а и 3-а тој остана при амандманот 4 односно на членот 18 и во врска со овој негов амандман го слуш-навме неговото дополнително објаснување.

Молам, дали некој друг бара збор?

ИВАН ИВАНОВ:

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници.

Ми даде повод објаснувањето на господинот Петров врзано со неговиот амандман 4. Сигурно дека тој од хумана гледна точка ова прашање заслужува внимание. Меѓутоа, сакам да потсетам ан тоа на ваквите решенија кои беа присутни до сега во нашето работно законодавство знаеме какви ефетки дадоа во тој дел и независно од"тоа денеска дали се однесува за претпријатија со општествена сопственост или се ондеусува за мешовита или приватна

сопственост овие работи веќе не се издржајни и повторно би се вратиле на целокупната проблематика која беше присутна. Проблемот со вработувањето треба да го решиме и да го решаваме преку јакнењето и отворањето на новите работни места и јакнењето на стопанската активност инаку повторното враќање на листите би значело нови проблеми, а со тоа проблемот не би бил разрешен.

ДРАГИ АРСОВ:
Дали уште некој бара збор?

ИЛЈАЗ САБРИУ:(Министер за здравство и социјална политика)
Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

Амандманите што господинот Тодор Петров инсистира да се расправа на Собранието Владата не ги прифаќа од следните причини:

Прво, за амандманот 4 и претходниот пратеник кажа дека со одлука на Уставниот суд на Македонија во текот на минатата година се поништени критериумите така да во СИЗ-овите нема кри-териуми за ранг листи. Фактички немаме ранг листи, тоа право е дадено на организациите сами, тие можат и да рангираат во самите организации да примаат дали првиот, вториот или третиот, ние со одлука на Уставниот суд ние немаме можност да го вградиме во овој закон.

Второ, за амандманот 5 тука се работи за самостојно вршење, односно посредување при вработувањето со личен труд. За оваа проблематика јас и на Комисијата доста расправавме со госпо-динот Петров, бидејќи бара финансиска анализа колку средства за тоа ќе треба, какви ставки ќе треба, ние во оваа фаза останиме на нашиот предлог да го одбиеме амандманот бидејќи укажувавме и во образложението на законот стои дека се врши само трансформација и финансирањето на СИЗ-от во Заводот аз вработување.

Со новиот закон за вработ- шње кој ќе дојде на дневен ред веројатно е тек на изготвување, како нацрт ние овие материјални односно системски решенија тогаш ќе ги имаме предвид, а во оваа фаза во никој случај не можеме да ги прифатиме како такви.

Амандманите 6 и 7 упатуваат на стапката тоа да биде СИЗ-от односно Заводот. Мислиме дека стручната служба на Заводот новата која се предлага веројатно ќе направи оценка на таа ставка, но цениме како Влада стапката да ја утврдува Собранието на Република Македонија, бидејќи во претходните 2 амандманни што ги прифативте предложени од господинот Петров и од Комисијата за труд и социјална политика и ЗПК, таму веќе сите ингеренции ги преземате и од Владата така што не може во никој случзј ова да остане право на Заводот, туку таа ставка ќе биде утврДе'на од страна на Собранието, а тие веројатно ќе ги испитуваат колку се потребни средства.Но, дефинитивната одлука тука треба да падне. Од тие причини Владата не може да ги прифати овие амандмани и предлагам да бидат одбиени и од ваша страна.

ДРАГИ АРСОВ:

Го слушнавме објаснувањето на министерот Сабриу.

Дали по неговото изјаснување пратеникот Петров останува на својот став да се гласа по овие амандмани? (не)

Продолжуваме со претрес по амандманот на членот 18.

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот 18 и амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за молам да крене рака? (8)

Дали има против? (48)

Дали некој се воздржува? (11)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 18 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот за додавање нова глава 11-а од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор?

ТОДОР ПЕТРОВ:

Сметам дека ако со Уставот и уставните амандмани утврдивме еднаквост односно еднакви услови на стопанисување на сите видовид на сопственост, тогаш сметам дека нема потреба вработувањето да го монополизираме во еден републички закон за вработување, односно посредувањето при вработување. Бидејќи во многу законски текстови кои ги усогласувавме со уставните амандмани беа внесени и одделни системски решенија на"мала врата" без да сакаме или не сметам дека не држи изнесеното мислење дека бидејќи не се врши системски рпомени на постојниот закон за вработување затоа нема потреба да се третира и проблематиката за самостојното вршење и посредување при вработување со својот личен труд. Во практиката постојат при органите на управата евидентирано лица со регистрирани агенции за посредување при вработувањето.

Сметам дека органите на управата имаат и до сега издадено решение за вршење дејност со личен труд при посредувањетс постојат егенции за посредување при вработувањето. Заради конста-тирање на фактичката состојба во одреден законски документ предложено е независно што се очекува донесување закон за вработување практиката која е евидентирана и евидентна денеска да се регулира

и со одделни членски одредби во законот. Затоа е предложено самостојно вршење и посредување при вработување со личен труд да можат како дејност да ја вршат и граѓаните и во предложените решенија од членот 3 ѓ до 3-и тоа се нови 6 членови кои се предлагаат за да се внесат со оваа нова глава ништо не се от-стапува* од она што значи надзор и над постоечкиот републички завод за вработување под исти критериуми и услови и за оние лица кои приsатно вршат дејност. Не се отстапува ид од правото лицата кои извршиле посредување при вработување и наплатиле услуга односно цена за таа услуга да поднесат пријава согласно постојнтие прописи во Заводот за вработување, за да се симнат од евиденција на невработените. Има и казнени одредби кои се однесуваат исто како што тоа го направивме и во законот за здравствена заштита каде што внесовме одредби за самостојно вршење на здравствена дејност со личен труд. Токму заради тоа предлагам за да им дадеме легалитет на посточките решенија из-дадени во органите на управа на лица самостојно да вршат само посредување при вработувањето што ќе ја растерети работата на постоечкиот Републички завод за вработување, инсистирам сепак до донесувањето на новиот закон да се прифати овој амандман како посебна  глава во законот за  измени и дополнувања на Законот за вработување.

ДРАГИ АРСОВ:

Дали некој друг бара збор по овој амандман?

ИЛИЈАЗ САБРИУ:

Оваа нова глава што се предлага од господинот Петров, јас ви кажав -претходно дека тоа е нова суштинска и системска измена на законот. Јас ве молам така да бидеме сватени и прифатено е ова наше одбивање од причина што ние во оваа фаза не сме спремни да навлегуваме во тие системски решенија. Точно е тоа дека синоќа го прифативме Закогот за здравство. Тој закон една година, или две, или повеќе беше во овие клупи и во министерствата поранешни и сегашни и го донесовме. Јас ве молам ние за месец,два ќе донесеме нов нацртзакон. Тогаш има елементи кои треба да ги имаме предвид. Но, сега само пленот 3-з "надоместокот за укажаните услуги во посредувањето при вработувањето самостојно ги уредува лицето кое ја врши таа дејност". Ние во оваа фаза не можеме, јас да отворам агенција и самиот да утврдувам каква стапка ќе земам на тие лица што ќе им посредувам. Ние имавме и некои злоупотреби така да кажам на ниво на Републиката при вработување, ако се сеќа-вате во Западна Германија, односно во Швајцарија. Од тие причини ние во системскиот закон ќе ги имаме во предвид и ќе се обидеме да ги вградиме и добро да ги елабориране, но во оваа фаза во никој случај ние тоа не можеме тоа да го прифатиме, а не дека не сакаме или сакаме да ги одбиваме. Затоа молам и господинот Петров ако може да ги повлече, бидејќи ние со новиот закон ќе имаме можност таа проблематика да ја регулираме. Но во оваа фаза не би можеле да го прифатиме. А ние викаме дека стапката сега ќе ја утврдува Собранието.

лко му дозволиме на приватник сам да ја утврдува стапката, мислак дека тогаш ќе создадеме еден хаос. Ако се мисли дека има организа-ции на ниво на Републиката, приватни агенции, не е точно, нас не ни се познати. Тие се овие младински задруги, но тие не се приватни и тие не вршат посредување при вработувањето. Таму имаме ние некои непочитуват&а назаконот, тоа е друга проблематика.Затоа тие реагираат  и ние преземавме мерки во тие 22 младински организации, бидејќи се занимаваат и со една ваква работа за која не се овластени со закон.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Една исправка на излагањето на господинот министер. Не станува збор лицата кои ќе вршат дејност посредување при вработување сами да[а]утврдуваат стапката на вработувањето, како што вие го кажавте тоа. Стапката на вработувањето е единствена за цела Република и ја утврдува Собранието на Република Македонија. Тоа лице кое врши дејност при посредување при вработување со личен труд ќе си ја утврдува висината на цената на услугата за посреду-вањето, а ако некој го злоупотребува Законот, конкретниот случај што го наведе, си има казнени санкции за злоупотреба на Законот, па ќе си одговара.

БЕЌИР ЖУТА:

Почитувано претседателство, дами и господа, прво, во самата причина за донесување на овој и ред други закони кои следат после него ви е наведено дека се врши усогласување во смисла на уставниот амандман 69, а не се предлага нов закон. Вие имавте прилика во овој период да гласате за такви закони

во кои формално се врши усогласување за да се спроведува Уставот во тој дел кој ја уредува материјата во тој смисол. Никакви нови системски решенија не отвараме и не сакаме узгред да отвараме системски решенија со вакви текстови на закони каде што вршиме усогласување со уставниот амандман., а не предлагаме системски закон. Ве молам, "водете"сметка за тоа. Не оспоруваме дека некои од решенијата се и би биле и системски, но не во оваа фаза. Ке се увалиме во материја која треба да биде предмет на законска регулатива со системскиот закон, но парцијално. Сега треба да се трансформира од СИЗ во завод и во основа сите решенија остануваат тие што се освен оној минимум кој треба да ја следи оваа трансформација.Ве молам, имајте го тоа во предвид.

ДРАГИ АРСОВ:

Дали "и по овие објаснувања на потпретседателот на Владата на господин Жута, пратеникот господин Петров останува на својот амандман? (пратеникот Петров останува на својот амандман).

Бидејќи пратеникот  Петров останува на амандманот, уште еднаш прашувам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот за додаваше на нова глава 2-а.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (15 пратеници)

Дали има некој против? (51 пратеник)

Дали има воздржани? (8 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање на нова глава 2-а, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 23 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

ТОДОР ПЕТРОВ:

Член 23 од Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за вработување се однесува на измени во член 75 од постоечкиот закон за вработување. Амандманот кој што го предлагам е во интерес на изедначување на условите на стопанксување и зафаќања и во приватниот и во општествениот сектор под еднакви услови. Сегашното решение на членот 75 бидејќи ги третира терминолошки општествена сопственост правните лица под поимот организации, а лицата во приватна сопственост под поимот работодавачи,наведува на фактот дека во организациите се врши плаќање на придонес за вработување од личниот доход на работниците, а кај приватниот сектор се пресметува и применува стапката на придонесот за вработување од вкупната добивка на работодавачот. Заради тоа што не му се признава категоријата личен доход. За лицата вработени во приватниот сектор кај работодавачот нема во овој законски текст зафаќање по основ на придонес за вработување од личен доход на работници во приватниот сектор кај работодавачите кои се регистрирани како физички лица, а можат да држат до 50 и повеќе вработени. Токму заради тоа амандманот кој го поднесувам предлага пресметувањето и плаќањето на придонесот за вработување за работниците во органи-зациите и работниците вработени кај работодавачите да се врши од личниот доход на работниците во кои се содржани придонесите и да-ноците што се плаќаат од личен доход. При постоечкото законско решение лицата во приватниот сектор илицата во општествена сопственост

немаат еднакви услови на стопанисување. Мојот личен доход како работодавач може да изнесува 5% годишно од вкупната добивка што јас ќе ја остварам од вршење дејност со личен труд и средства во моја сопственост и нема основа стапката на придонесот во оpштествегшот сектор да се применува на категоријата личен доход на работник вработен во организација, а во приватниот сектор стап-ката на придонесот за вработување да се применува на целата моја добивка која законодавецот ми ја третира како личен доход. Затоа сметам дека системски не постои изедначување помеѓу категоријата добивка во општествениот и во приватниот сектор. Во приватниот сектор добивката се изедначува како личен доход на работодавачот и сите зафаќања се применуваат на така замислениот личен доход кој е еднаков фактички на вкупната добивка. Во приватниот сектор ваквите примени на законските решенија дестимулативно делуваат за вложување и активност во приватниот сектор и на приватната иницијатива. Од тие причини независно што не се вршат системски измени на овој закон како што беше и образложението на министерот. Ние и во ваквите усогласувања системски во од мора да одиме со времето напред,да не чекаме нови фази и нови системски решенија заради тоа што ние мора што повеќе да создаваме и побрзо услови за вложување на средства од граѓаните во приватниот сектор ако сакаме и крајниот резултат да ни биде побрза трансформација на општествената во приватна сопственост. Од тие причини останувам при амандманот кој што го предложив.

ДРАГИ АРСОВ:

Дали некој друг бара збор?

РИСТО СТОИМЕНОВ:

Мислам дека ме ставаш во заблуда колега, неможе да има разлика меѓу личен доход и личен доход, Ако во приватниот сектор се зема личен доход нормално, тогаш тој ги плаќа сите обврски по тој личен доход и тој си влегува во пресметката. Јас незнам во "нашата"" земја да има две пресметки, Една пресметка приватните претпријати ја, друга пресметка да прават во организациите. Сите прават исти пресметки на ист начин, се утврдува добивката односно доходот и со исти зафати се товарат овие работи. Јас незнам од каде вие тоа го наоѓате. Ако некој не пријавува личен доход, нормално мора да се најде основица како да биде тој оданочен, а тоа се знае како тоа тече. Јас друго не познавам, а ако има нешто друго, Владата нека ми каже. А исто и вие немојте да не ставате во заблуда, тоа не е точно. Таква не постои. Ако еден приватен оди во СОК поднесе платен список и подигне личен доход, се знае како се пресметува личен доход. ТОДОР ПЕТРОВ:

Секој работите си ги гледа со свои очи, нормално како ќе одлучи мнозинството, така и ќе се применува ' одреден закон. Меѓутоа, сметам дека не станува збор за никаква заблуда. Во приватниот сектор државата не дозволува на работодавачот да си утврди категорија личен доход како материјален трошок на вкупното работење. Добивката која се остварува е даночна основица на која се применуваат сите зафаќања. Во општествениот сектор постои добивка на претпријатието и личен доход на работникот во тоа претпријатие. Во приватниот сектор јас како работодавач кој работам со работниште кои што ги вработувам кај мене во приватниот сектор, категорија

личен доход мене никој не ми признава, а сакам да се утврди и органот на управа за приходи ми вика: целата добивка што ја остваруваш од твоето работење во приватниот сектор ти ја прифаќам како личен доход и на тој личен доход ти утврдувам, си ги применувам сите стапки на зафаќањата. Фактички во приватниот сектор категоријата добивка е изедначена со личен доход. И предлогот кој што го предлагам сега е да се утврдат, на работодавачот да не му се врши зафаќање по стапка за придонес за вработување од целата негова добивка, туку само од личните доходи на работниците кои се кај него вработени и личниот доход на работодавачот кој ќе се стави на прво место на платниот список. По мене не постои разбирање. По ова прашање ние дестимулативно делуваме во приватниот сектор.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Мислам дека има недоразбирање. Господинот Петров зборува за приватниот сектор, а всушност сака да каже за лицата кои што обавуваат професионална и стопанска дејност со личен труд и средства во сопственост на граѓаните. Тоа е за занаетчиите. Кога се зборува за занаетчиите тоа е една сосема друга работа. Ако добро се сеќавате кога ги усвојувавме измените на Законот за даноците на граѓаните, таму има една основица. Ние утврдивме минатиот пат стапки на таа основица, а тоа е основицата вкупен приход, се вадат трошоците и барем сега како што стои во законот тоа е чистиот доход. На таа основица се пресметуваат сите придонеси и даноци. Сега ние кога го усвојувавме Законот за даноците усвоивме една стапка во која што стапка влегува придонесот за образование, за култура, физичка култура, детска заштита. Остана само да се утврди со посебен закон стапката за вработување и за пензиско осигурување. Значи основицата се регулира во Законот за даноците

на граѓаните и таа е еднаква за сите занаетчии, така да ги наречам кои што го обавуваат и кои што се пресметуваат според вистински доход. Паушалистите се друга категорија. Така што ако на таа основица барем досега со постојниот закон се утврдуваат сите други даноци и придонеси сега во иста стапка, сметам дека треба да си остане таа' основица и за вработувањето и за пензионото додека не го измениме Законот за даноците на граѓаните.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Овде практично постојат две вистини. И она што го тврди господин Петров и ова што го тврдеше госпоѓа Стојанова. Има две категории на осигуреници, односно две категории на должници за зафаќање при плаќање на овие давачки. Кога е во прашање поединец, она за кое говореше госпоѓа Стојанова, а кога е во прашање правно лице кое подлежи "на зафаќање, сите норми се исти како за приватниот така и за државниот сектор кои вршат наплата преку СОК.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ: (Продолжение)

Меѓутоа, остана една работа. Тврдењето, описот за амандманот на господин Петров, се однесува за зафаќањата што ќе стане со лицата што ќе вршат занимања со личен труд, а вработуваат кај себе работници. Овие лица не се должни да вршат наплата на личен доход преку СОК. Тие го плаќаат сами. Затоа што имаат договор. Со договорот се утврдуваат основите што треба да ги плати и сега на овие суми ќе треба да се платат придонеси за вработување, за здравствено и пензионо.

Господин Петров овде пледира што ќе биде за овие вработени што не се еднакви. Не за работодавците, туку за вработените. Таму се прави различна стапка. Па вели, освен тоа дека се зема да се наплаќа за стапката на осигурување и за вработување од чистиот приход на работодавецот, а не на личниот доход што го остварува работникот кај него. Затоа сметам дека амандманот има смисла и треба да се прифати,затоа што ќе се однесува на личен доход на лица кои работат кај лица кои вршат дејност со личен труд. Тоа се содржински толку различни, нема никаква заблуда. Ако некој не знае, навистина треба да праша што е убаво. И, не треба да се повикува на заблуда. Незнаењето не е заблуда. Тоа е незнаење. А, заблуда е  имаш две сознанија, па ќе видиш кое ќе го примениш помеѓу тие две.

ДРАГИ АРСОВ:

Има збор министерот, господин Сабриу.

ИЛЈАС САБРИУ:

Дозволете ми да го прочитам само членот 75 за што господинот Петров предлага амандман.

Во членот 75 пишува:

"Пресметувањето и плаќањето на придонесот за вработу-вање се врши за:

1.Работниците во организациите и работниците вработе-ни кај рабολодааач од личниот доход на работниците во кои се содржани придонесите и даноците што се плаќаат од личен доход".

Значи, ако кај приватникот имаат третман на работници и имаат утврден личен доход, што во праксата за жал сите се пријаву-ваат на загарантиран личен доход и во загарантираниот се ослободени од плаќање на придонес за вработување, поради што имаме такви дефекти односно плаќа само за социјално и

"2. Од основицата според која се плаќа данок од основицата според која се плаќа данок од личен доход.

Значи газдата, работодавачот плаќа од основицата. А, работниците што се врботени кај него плаќаат по основ на личен доход и тука се рамноправни сите работници. Мислам дека тука нема никаква збрка.

ДРАГИ АРСОВ:

За збор се јави господин Абди.

ФАИК АБДИ:

Мислам дека она што го објаснуваше пратеникот Стојановски и од страна на господин Петров и ова додатно објаснување на господинот министер ние мора да не бидеме во заблуда, она што го викаше господинот.Стојановакл.

Колку мене ми е познато сите вработени и во општествениот и во приватниот сектор се еднакви. Целата работа е кај газдата, не кај рботниците. Газдата, во смисла на општествено претпријатие,

се знае, таму не смее да се исплати нето личен доход онака, земи  од каса и плати личен доход и оди си. Мора да се направи пресметка, се знае како таа се прави, нето личен доход вкупно, па придонеси на тој нето, па бруто, па нето и тн, сите даноци и придонеси од личен доход што следуваат мора да се платат и да се земе нето личен доход.

Кај газдата и тој би требало исто како и општестените претпријатија и тој да прави платен список на тој нето лкчен доход и придонеси да влезат во материјалните трошоци на работењето и покрај сите други трошоци да му претставуваат материјални трошоци за да оста-не чистиот доход помал за тој износ колку што исплаќа личен доход во бруто износ, со сите даноци и придонеси. Меѓутоа, дали тоа го прават. Веројатно дека заради тоа што не го прават се предлага ваква вари-јанта од стрна на"господинот Петров. Меѓутоа, мислам дека не.е тоа тоа. Тоа е работа на државна комисија, некоја даночна полиција да биде таква експедитивна, да примиме такви луѓе што ќе ги надгледуваат приватните работодавачи да можат и тие луѓе што работат во приватниот сектор да остваруваат право на социјална, здравствена и пензиска заштита, стаж за пензија. Инаку, никој ништо не им признава. Ако газдата од џеб му плаќа нето личен доход, се знае стаж нема. Заради тоа добро е да се води некоја друга сметка, наша даночна полиција да ги дотера состојбите во ред. Инаку, и според укажувањата на госпоѓата Стојанова, и на министерот,тогаш се е во ред. Јас верувам дека е така. Јас знаев дека е така. Поинаку неможе да биде.

Ние одбивме една работа, одиме кон запад, се стремиме таму да одиме. Мегутоа, сите наши невработени се пријавуваат во Заводот за вработување. Таму им е местото. Меѓутоа кога ќе имаме силна  економска држава ќе имаме и добра социјална политика. Сигурно, по пат на пријавување на безработицата ќе биде упатството во Центарот

се знае, таму не смее да се исплати нето личен доход онака, земи од каса и плати личен доход и оди си. Мора да се направи пресметка, се знае како таа се прави, нето личен доход вкупно, па придонеси на тој нето, па бруто, па нето и тн, сите даноци и придонеси од личен доход што следува-ат мора да се платат и да се земе нето личен доход.

Кај газдата и тој би требало исто како и општестените прstлријатија и тој да прави платен список на тој като личен доход и придонеси да влезат во материјалните трошоци на работењето и покрај сите други трошоци да му претставуваат материјални трошоци за да оста не чистиот доход помал за тој износ колку што исплаќа личен доход во бруто износ, со сите даноци и придонеси. Меѓутоа, дали тоа го прават. Веројатно дека заради тоа што не го прават се предлага ваква вари-јанта од стрна на "господинот Петров. Меѓутоа, мислам дека не.е тоа тоа. Тоа е работа на државна комисија, некоја даночна полиција да биде таква експедитивна, да примиме такви луѓе што ќе ги надгледуваат приватните работодавачи да можат и тие луѓе што работат во приватниот сектор да остваруваат право на социјална, здравствена и пензиска заштита, стаж за пензија. Инаку, никој ништо не им признава. Ако газдата од џеб му плаќа нето личен доход, се знае стаж нема. Заради тоа добро е да се води некоја друга сметка, наша даночна полиција да ги дотера состојбите во ред. Инаку, и според укажувашата на госпоѓата Стојанова, и на министерот,тогаш се е во ред. Јас верувам дека е така. Јас знаев дека е така. Поинаку неможе да биде.

Ние одбивме една работа, одиме кон запад, се стремиме таму да одиме. Мегутоа, сите наши невработени се пријавуваат во Заводот за вработување. Таму им е. местото. Меѓутоа кога ќе имаме силна економска држава ќе имаме и добра социјална политика. Сигурно, по пат на пријавување на безработицата ќе биде упатството во Центарот

за социјална работа заради социјален надомест. Не некоја си жална парична помош, туку се додека не најде работа. Тоа ќе биде потврдено од Заводот за вработување дека не нашол работа. Пробал во три прет-пријатија, не е вработен и тн.

ДРАГИ АРСОВ:

Има збор господик Паунов.

ТЕОДОС ПАУНОВ:

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, јас бисе вклучил за да дообјаснам нешто со неколку зборови. Порано придонес се плаќаше од личниот доход на вработените.Со тоа што формиравме приватни претпријатија, во приватна сопственост што се изедначени со општествените и со други државни претпријатија и со јавните претпријатија, тука нема дилеми. Имаме кај занаетчиството и кај трговијата приватни дуќани. Приватните дуќани се задолжени да водат евиденција, да водат книги. Колку се тие веродостојни, да кажам дека сомневањата се точни. Меѓутоа, должни се приватните дуќани да остваруваат на вработените најмалку барем гарантиран личен доход. На база на таа сума на гарантираниот личен доход, ако дуќанот не работи добро и приватниот занаетчија не остварувг доволно приход а е должен да оствари најмалку гарантиран, му се смета доход. На тој доход се применуваат одредбите.

Го подржувам законот како што е предвиден. Мислам дека е исправно, а мислам дека амандманот на Тодор Петров треба да отпадне заради тоа што ако гласаме ќе направиме други проблеми што ќе наетанат после овој амандман. Мислам дека Законот е во ред и за законот треба да гласаме.

ДРАГИ АРСОВ:

Дали уште некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претресот по амандманот на член 23.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за, молам да крене рака. (11 пратеници)

Дали има некој против? (39 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање?(12 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 23 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

ОТВОРАМ ПРЕТРЕС ПО АМАНДМАНОТ НА ЧЛЕН 24 ПОДНЕСЕН ОД ПРАТЕНИКОТ ТОДОР ПЕТРОВ.

Молам кој бара збор? (Никој)

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот на член *24*

Амандмантот го ставам на гљасасање

- КоЈ е за, молам да крене рака? (4)
- Дали има него; гтротиз? (44)
- Дали некојсе воздржува од гласање; (14 пратеници).

Констатирам дека Собранието не ги усвои амандманот на член 24 поднесен од пратнеикот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 25 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Има збор господин Петров.

ТОДОР ПЕТРОВ.

Членот 25 од Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување обезбедува измени на членот 78 од Закокот за вработување. Меѓутоа, во членот 78 од постојниот закок за вработуваље постои определба во ставот 2 дека средствата од придонесот за вработување од Републичкиот завод може да ги користи за остварување одредени права при вработувањето на невработени лица со високо образование заради стекнување на работно искуство за полагање на стручен испит за самостојно вршење на работи односно работни задачи под услов и на начин утврден со договор кој се склучува помеѓу СИЗ-от, односно сега Републичкиот завод за вработување и односната организација.

Во постојниот член 78 од Законот за вработување точно се назначува кој го склучува тој договор. Меѓутоа, во Предлогот на законот за изменување и дополнување не се обезбедува увид ниту пак се прецизира и укажува кој го склучува тој договор за користење на средствата од придонесот за вработување.

Токму заради тоа и амандманот што го предлагам, во став 2 на амандманот 8 предлагамда се изврши дополнување со кое ќе се прецизира и прифати определбата од постојниот член 78 од Законот за вработување со кој ќе се каже дека средствата од придонесот за вработување Републичкиот завод може да ги кориси за остварување на одредени права при. вработува-ње невработени лица со високо образование заради стекнување работно искуство за полагање на стручен испит за самостојно вршење на работите односно работните задачи под услови

и на начин утврдени со договор помеѓу Републичкиот завод и организациите и работодавачите односно невработените лица со високо образование.

Фактички со Предлогот се обезбедува Републичкиот завод за вработување при ангажирање на средствата од придонесот за вработување да може да ги утврдува наменски во договор со срга-низациите и работодавачите, меѓутоа и непосредно со неѕработените лица кои директно ќе се ангажираат и обезбедат отварање работно место за себе си и за прием на нови работници кај нив доколку сакаат да вршат дејност со личен труд и средства во сопственост на граѓаните. Токму заради тоа го предлагам амандманот 8 став 2 за дополнување на ставот 2 на членот 25 од Законот за изменување и дополнување на Законот ѕа вработување.

ДРАГИ АРСОВ:
Има збор министерот, господин Сабриу.

ИЛЈАС САБРИУ:

Почитувано претседателство, амандманот 8 што го предлага пратеникот Петров на прв поглед изгледа дека е формално правен. Станува за додавање на збор "помеѓу". Но, во суштина е многу важен бидејќи предлага да се склучи договор и помеѓу приправ-ниците односно вработените со високо образование во приватниот сектор Ние, мора да кажам дека во сегашно време и во оваа проблематика што е регулирана со законот за рботни односи, член 5 и член 6 каде деци-дно е кажано каде се користи тоа право, бидејќи волонтирањето е право кое произлегува од Законот за работни односи. Ние во овој Закон за вработување не навлегуваме да ја регулираме и таа процедура што е регулирана со тој Закон, туку упатуваме на правото на приправниците

во организациите. Мислиме дека исто така се подразбира дека организацијата што според Законот за рботни односи вели дека по пат на оглас вработува приправник и тој приправник има право на волонтирање и надомест од тоа волонтирање, за време на волонтирањето, мислиме дека е добро решението и не би требало да го прифатиме амандманот.
Тоа е едно.

Второ, незнам за ова време, во овие материјални услови на Републиката ако дозволиме и прифатиме едно вакво волонтирање и во приватниот сектор односно на овие со високо образование, од материјале аспект бидејќи се работи за огромни средства што треба да се издво^ат од стопанството за да можат тие лица што би се вработиле во нивните дуќани да можат да користат волонтирање односно материјално обезбеду-вање за лицата со" високо образование, за тие 12 односно 24 месеци. Од тие причини не се согласуваме во ова време овој амандман да се прифати бидејќи е регулирано со Законот за работни односи, а и во Републиката немаме билансирано можности тоа да го покриваме.

ДРАГИ АРСОВ:

Има збор господин Петров.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Секој има право да биде упорен на свој начин.

Само ќе додадам дека не станува збор заволонтирање на приправници со високо образование кај приватни работодавачи или кај организации со право да склучат договор со Заводот, да добијат надоместок. Станува збор, ако јас имам средства, сакам да отворам приватна дејност, да станам работодавач во услови во кои во договор, подеднакви услови тие средства од Заводот за вработување ги користат тие организации и постојните регистрирани работодавачи. Тоа право

да го користам и јас, односно тоа невработено лице со високо образо-вание да може и со сопствени средства и со средства ангажирани од Заводот за вработување, заради обезбедување на нови лица кај мене, со отварање на дејност, вршење дејност со средства во сопственост на граѓаните и со личен труд.

Предложените укажувања дека договорот мора да биде склучен помегу Републичкиот завод и организац^иите и работодавачите е препишано од постојниот Закон за вработување. Не претставува никаков системски однос. Само се прецизира тој договор кој ќе го склучи.

ДРАГИ АРСОВ:

Има збор господин Сабриу.

ИЛЈАС САБРИУ:

Ова за што се залага пратеникот значи проширување на правата. Ние, во овој закон не одиме на никакви проширувања ниту стеснување на права. Оние права што досега ги регулира законот ги даваме. Тоа е прво.

Второ, претходно не кажав дека волонтирањето се плаќа од СИЗ-от само на оние профили што имаат стручен исг.ит. Тоа се лекари, правници, каде се предвидува да имаат и стручен испит.

Од овие причини тоа би значело дека сите тие што се со високо образование, ако се вработат вака, а што е добро да се вработат, тогаш би користиле едно такво право за кое ние немаме материјални можности како Република.

ДРАГИ АРСОВ:

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг "не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот на член 25.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за, молам да крене рака. (7 пратеници)
Дали има некој против? (44 пратеници)
Дали некој се воздржува од гласање?(10 пратеници).
Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 25 поднесен од пратеникот Тодор Петров.
Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.
Молам, кој бара збор?(Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го закл^чувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.
Молам, кој е за, молам да крене рака. (60 пратеници)
Дали има некој против? (Нема)
Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)
Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување.
Предлагам да дадеме пауза до 15,00 часот.
Дали се согласувате со предлогот.
(Се согласуваме)
(Пауза од 14 до 15 часот.)

(Седницата продолжи со работа во 15,15 часот).

ДРАГИ АРСОВ:

Да продолжиме со работа. -Минуваме на точката 21

ПРЕДЛОГ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА РЕДОВНИТЕ СУДОВИ, СО ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

- Предлогот за донесување на законот, Предлог на закон, со извештаите на Законодавно-правната комисија и Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана Ви се доставени односно поделени.

- Ве известувам дека Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрака не ги прифаќа пр~ичините Законот за редовните су-дови да се донесе по скратена постапка, со оглед на тоа што одредени решенија бараат се~ риозно преиспитување, имајќи ја предвид специфичноста на споровите од работен оцнос, станбените и статусните спорози, посебно во услоаи на промени во сопственичката структура и утврдувањето на стварната надлежност за одлучување по озие спорози.

- Поради тоа Комисијата му предлага на Собранието да го разгледа и усвои само Предлогот за днесување нз загон за изменувач и дополнување на законот за судовите

- Предлогот на Ксмиситата го ставам на гласање.

- Кој е за предлогот, молам да крене рака? (52 пратеници).

- Дали има некој против? (2 пратеника).

- Дали некој се воздржува од гласањето?(6 пратеници) .Констатирам дека е усвоен Предлогот на Комисијата. Отворам претрес по Предлогот за донесузање на закон. Молам, кој бара збор?(Никој).

- Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот,

З а к л у ч о к:

1.Собранието на Република Македонитг го усвојуза Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за редовните судови.

2. Собранието на Република Македониј ја задолжува Владата на Република Македонија да подготви Предлог на заксн за из.менување и дополнување на Законот за редозните судови при што да ги има предвид забедешките изнесени во извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и Законодавно-правната комисиј а.

Собранието укажува дека трансформацијата на правосудните а да се одвива во рамките на севкупните реформи во судството во Републиката што ќе истакнат со донесувањето на новиот устав на Републиката.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија и Мислењето од Претседателството на здружението на друштвата на правниците од стопанството на Македонија да се доставaт до Владата на Република Македонија и Министерството за правосудство и управа.

- Кој е за, молам да крене рака? (56 пратеници)
- Дали има некој против?(нема)
- Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници)
- Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Ве молам, за една измена. Наместо на точката 22 предлагам да преминеме на точката 23 заради усогласување на текстот со Мислењето на Владата по некои амандмани. Штом ова усогласување се заврши од страна на Стручната служба ќе се вратиме на оваа точка.

Минуваме на точката 23.

ПРЕДЛОГ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ, СО ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

- Предлогот за донесување на законот, со Предлог на законот извештаите на Законодавно правната комисија и Комисијата за образование, наука и култура Ви се доставени односно поделени

- Комисијата за образование, наука
и култура и Законодавно-правната комисија оценија дека едниот Закон за научно-истражувачката дејност се уредуваат прашања

од системски карактер, и во подготвувањето на законот не биле консултирани научни и стручни институции од оваа област кои би можеле да дадат свој придонес во уредувањето на одделни прашања.

- Поради тоа, комисиите предлагаат Собранието на оваа седница да го разгледа и усвои само Предлогот за донесување на Законот за научно истражувачката дејност.

- Кој е за, Предлогот на комисиите, молам да крене рака?(67 пратеници).

- Дали има некој против?(никој).

- Дали некој се воздржува од гласањето?(никој).

Констатирам дека Предлогот на комисиите е усвоен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор Гулистана Јумеровска.

ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:

Почитувани пратеници, пред нас се наоѓа еден квалитативно нов текст на закон , за кој што верувам дека го заслужува Вашето внимание и респект спрема предлагачот на законот од проста причина што се нудат многу системски решенија кој во постоечкиот закон не беа вметнати можеби заради тоа што науката и сите научни истражувачки дејности навистина е тешко да се нормативизираат, меѓутоа, потребата во Републиката од овој акт и досега се чувствуваше и мислам дека голем дел од желбите на оние што имаат желба да се занимаваат со наука. и кои што се моментално во тој процес преку овој закон се изразени и добро преточени.

Она што мислам дека посебно заслужува респект е тоа што има доста новини во овој закон, кои што предлагачот ги прифати и мислам дека и во натамошните процедури на носењето на овој закон, бидејќи се согласивме сега да оди само како предлог за донесување на закон, ќе се сретнат и понатаму и тоа овозможување да научно-истражувачката дејност да се врши со личен труд и средства односно да постои институција на самостоен истражувач кој што досега не постоеше или ако постоеше не беше финансирана ни беше оставена на маргините на општеството, а кое што во овој момент на пазарна економија се нуди како ново решение, што сигурно е за поздравување. Потоа новините за можност да се финансираат на институциите и досега установени научни институти, центри и други установи што се бавеа со оваа работа, туку само оние кои што ќе донесат определена програма која што како таква ќе биде оценета дека ќе дава резултати, а за сметка на тоа ќе добие финансиски средства.

Друга новина која што можеби и најмногу заслужува внимание е тоа што во овој момент досега не беше присутно во постоечките закони и прописи, односно и во Законот за научно-истражувачка дејност е тоа што се нуди стекнување и унапредување во научните звања. Досега беше потребно само да се исполнат формалните услови за да некој напредува во своето научно звање, додека сега се предвидува покрај објавениот нормален број на рецензирани научни трудови да биде истиот, особено највисокиот за професорско звање цитирано во индексите за научни цитати, што мислам дека е општо познато, Европска и стекната работа која што во нашите кругови овде не беше застапена, а мислам дека треба да биде. Тоа е една новина која што

сигурно значи голем чекор напред во смисла на унапредувашето на науката и научно истражувачката дејност.

Повеќе се јавив за збор не само да кажам дека има многу решенија и многу плодоносни за сите научни институции, туку за мојата дилема во врска со одамнешни размислувања за едукација на кадри кои што би се бавеле со наука уште од кајраното детство, односно уште од предучилишната и училишна дејност. Не знам дали тоа би требало да се направи во корелација со Министерството за образование или можеби во овој закон. За деца со кои веќе се среќаваме уште од најраното детство уште од прво или второ одделение кои што не само генетски , можеби ќе биде лошо, меѓутоа и под услови на средината се предодредени да се бават со наука, заради тоа што имаа степен на интелегенција многу повисок од она што го нуди едно одделение. Тие деца ги оставаме под степеноет на просечноста да се утопат во процесот на образование, кое што е такво какво што се нуди денеска. Според тоа не знам дали во овој закон или во корелација со Министерството за образование и во Законот за образование, како државна институција би требало да се потрудиме да овие деца односно и повозрасни што покажуваат ваков афинитет за бавење со наука односно покажуваат одреден афинитет за одредени области, од науката, дали тоа ќе биде природните науки или другите науки тие деца да ги издвоиме во посебни паралелки и во посебни институции кои што би финансирале од државата со цел овие деца да им се овозможи понатаму да дадат максимум од своите природни предодредени можности кои што би биле помогнати, сигурно и со размена на Европски и светски искуства. Мислам дека оваа идеа ќе најде соодветен третман во двете министерства со цел да биде операционализирана и да биде овозможено

да навистина оние кои што имаат желба , некаде дури и немање на услови да се бават со наука, да тоа им биде овозможено уште на самиот старт.

ИВАН ИВАНОВ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници Добро е што дадовме можност за една поголема партиципација во конечното обликување на овој закон кој глто мислам дека ќе има една значајна улога како од аспектот на творечката, така и на материјалната страна на нашата Република. Во смисла на тоа сакам да истакнам неколку работи кои би требало да се имаат предвид при конечното обликување на текстот.

Улогата на стопанството и мотивираноста на стопанството во делот на научноистражувачката работа, мислам дека е еден значаен момент кој што може да придонесе за зголемување на материјалната основа на нашата Република пред се користејќи го потенцијалот со кој располага стопанството, а од друга страна и давајќи му можност да и преку деловните односи кои што ги воспоставува во земјата и во странство да се обезбедат уште подобри услови.

Во тој дел јас посебно би се заложил во областа каде што се пропишуваат нормативите под кои може одредени субјекти да основаат или да регистрираат научно - истражувачки организации таа формалност да се сведе на сегашните можности и потреби на стопанството и да не биде од аспектот на тоа што како минимум треба да содржи или да се исполнува за да оваа страна биде задоволена. Мислам дека секоја формалност, формализирање на работите може да донесе спротивни ефекти.

Во тој дел јас ценејќи дека денеска ќе расправаме и по текстот имав предложено и еден амандман поаѓајќи од тоа дека значаен дел од претпријатијата во Македонија имаат свое научно јадро кое што од поодамна постои и е екипирано како со значајна техника така и со извесен број на кадри, меѓутоа, сеуште сигурно дел од нив не се во можност да ги задоволат минимум мерките што беа пропигшани и се пропишуваат со законот, Во таа смиспа предлагачот треба да размисли при конечното оформување да се дадат едни преодни или излезни решенија со цел овие потенцијали да бидат дооформени или искористени со можноста на навремено користење на одредена работна, квалитетен кадар со дополнителен работен однос, или пак со пропишување на минимум време кога овие евентуалните минимум мерки да бидат исполнети.

Ова е неопходно потребно што во тие деловни односи што ги имаат нашите претпријатија многу е битно при настапот на странските пазари на потребната документација, почнувајќи од атестите до поедините истражувања наместо тие да бидат вршени настрана и за тоа да бидат исплаќани огромни суми на средства, да се овозможи преку ваквата форма на регистрација на овие стручни јадра во претпријатијата да можат да ја обавуваат, бидејќи тие се и квалификувани и технички опремени и со потребно знаење и искуство, меѓутоа, формалноста дали имаат одреден број на кадри со стручни звања доктори и слично, ќе бидат еден лимитирачки фактор, а кој ќе ги наведе на тоа да тие бидат принудени да вршат соодветни докажувања настрана, а преку тоа да го губат и пазарот и да плаќаат значајна сума на средства. Така да решението што го предложив во амандманот мислам дека заслужува внимание при конечното оформување на текстот на овој закон да биде земено предвид.

Молам ова да го уважите.

Има збор господин Симјановски.

НАУМ СИМЈАНОВСКИ:

Мојата дискусија по овој закон е заснована со фактот од аргументите што овој закон се предложи да се носи во редовна постапка, а тоа е невклучувањето на Универзитетот во Битола  како и сите други форми на организирање, на научно организирање од досегашниот систем. Тоа претежно се однесува на друштвата за наука и уметност од Битола, Прилеп, Штип и Т.Велес. Во таа смисла се и моите амандмани 6 на предложениов закон, кои што мислам во оваа форма сега како што е дадена ќе најдат своевидно место и постоечктие форми на организирање на научната дејност во Републиката ќе продолжат со работата и понатаму.

ДРАГИ АРСОВ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за научно истражувачката дејност и констатира дека со овој закон се дефинира улогата на државата во областа на научноистражувачката дејност во рамките на реформите на економскиот и политичкиот систем со вградување на решенија кои се применуваат во развиените земји во оваа област како и нормативно-правно усогласување со амандманите на Уставот на Република Македонија.

Собранието го задолжува предлагачот да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон при што да ги има

мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија и уиажувањата што беа изнесени во претресот по оваа точка.

Собранието укажува на потребата, предлагачот да оствари соработка со заинтересираните органи и организации (универзитетите во Републиката, одделни научни истражувачки институции, МАНУ и Стопанската комора на Македонија) и нивните мислења предлози и забелешки да ги има предвид при подготвувањето на Предлогот на законот.

Овој Заклучок заедно со извештаите на ЗПК и Комисијата за образование, наука и култура да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за наука.

Кој е за овој заклучок молам да крене рака?

Еве се извинувам за збор се јавува господин Ефремов.

ГОРГИ ЕФРЕМОВ:

Господин потпретседателе, дами и господо, од конституирањето на Владата измина повеќе време, повеќе од 4 месеци е највнимателно ги следам сецниците на овој почитуван Парламент. Очекував дека и во случајот на расправата по Предлог законот за научни дејности претседавачот дека ќе праша дали претставникот на Владата има поинакво мислење.

Независно од тоа си зедов за право да ви одземам само неколку минути во однос на постапката при изготвувањето на овој закон и по однос на заклучоците кои стручната служба како одраз на мислењата содржани во ставовите на комисиите ви беа прочитани. Во составот на пакетот на законите што Владата во најголема мерка го оптовари Парламентот во 2-3 месеци , најголемиот дел од нив всушност претставуваат закони за измени

и дополнувања на постоечките закони што всушност претставуваат нормативно-правно усогласување.

Можеби единствен закон кој што нуди новина беше предлог законот за научните дејности. Министерството за наука оценуваше со оглед на природата, на карактерот на овој закон кој базира не само на сознание дека науката го нема своето место во општеството што не е последица на ослушувањето на општеството туку повеќе на апатичност и стихијноста на научните работници, со минимален исклучок, Министерството за наука оценуваше дека е крајно време да поднесе закон каде ќе бидат содржани одредби кои претставуваат одраз на сознанијата во нашата Република и она што во една развиена земја треба да биде присутно. Со цел да се оневозможи празнина меѓу трансформацијата од СИЗ-ови конкретно од Републичкиот СИЗ за научни дејности, во фондовски начин на работење, Министерството оценуваше дека овој закон треба да му се даде итна постапка. Од тука и разбирањето на Владата и поднесување на таков предлог.

Меѓутоа, цех во животот секогаш се плаќа. Според тоа и во случајот на законот за научни дејности плаќање цех за 45 години постоење на високо школство, постоење на наука во рамките на Републиката кое повеќе е оценувана во позитивна смисла отколку во негативна. Што ми е мислата. Понудениот текст во формас во кој беше достаавен ќе биде истиот со минимум можеби јазички интервенции отколку суштински од оној што ќе биде конечно доставен после таа регуларна или редовна постапка. Меѓутоа, зашто тој се враќа? Се враќа од сознанието што не случајно го кажав сега, на имицот на луѓето кои што на определен начин успевале да во сите свери на управување да се наложат.

Тоа беше и случајот на ставовите на претставниците односно на носители на универзитетските институции да го наметнат пред членовите на комисиите и понатаму тие да бидат изготвувачи на законот за научни дејности, и истите да би можеле, јасно преку една квази наука да го носат тоа име.

Овој закон, рековме, претставува одраз на согледувања од постоењето на научните дејности во Републиката, како и од сознанието дека третманот на науката ќе се измени само тогаш кога изведувачите научните работници ќе мислат поинаку. И, заправо овој текст на закон беше посодржаен.

Да не би одземал повеќе време јас ве молам при дефинирањето односно преи прифаќањето на заклучоците број 3 или 4 да стои "неконсултации со носителите наинституциите од областа на науката", туку "со секој граѓанин на оваа Република". Ние знаеме дека средствата за наука како и зас други општествени дејности се на товар на секој вработен. Според тоа ако би сакале демократичност, законот за научни дејности како и сите други закони треба да го објавиме во дневниот печат за да го има секој човек и тој да даде свое мислење. Оценувајќи дека ваквото мислење ќе биде прифатено, тоа да не биде мислење на носителите на институциите туку на секој научен работник и пошироко од тоа.

ДРАГИ АРСОВ:

Има збор Благој Ханциски.

БЛАГОЈ ХАНЦИСКИ:

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, го почитуван образложувањето на министерот за наука

ак.Ефремов и мислам дека ќе не испомогне во оваа фаза на донесување на законот да стекнеме што пореална слика за целите што сакаме да ги постигнеме со донесување на законот за научно-истражувачка дејност. Меѓутоа, се јавив за збор од следните причини:

Она што е понудено како заклучоци од точка 1 до 4 од ЗПК и Комисијата за образование наука и "култура е вистински одраз на се она што расправаа и го сработеа двете комисии и затоа апелирам тие заклучоци да се донесат токму така како што се предложени.

Ние со тоа ќе создадеме простор за сите оние кои се заинтересирани најдобронамерно со аргументи со познавање на реалната состојба да ја испомогнат содржината на овој така успешен закон да стане уште поуспешен. А ќе избегнеме можноста некои забелешки кои се појавија во јавноста во поглед на начинот на подготовката на закон да бидат на аргументиран начин оповргнати. Затоа уште еднаш апелиран заклучоците да се докесат така како што се предложени. Тие долго време се одмерувани и вагани, а ние како членови на Парламентот и посебно членовите на матичните комисии ќе имаме прилика кога ќе дојде пречистениот текст на предлогот на законот да водиме, навистина, плодна и кокструктивна расправа и да најдеме едно решение кое ќе биде прифатено од сите на општо задоволство.

ДРАГИ АРСОВ:

Дали уште некој бара збор?

По излагањето на господин Ефремов а потоа го слушнавме и мислењето на претседателот на Комисијата за образование Благој Ханџиски во однос на овој заклучок, можеме да ги констатираме следниве состојби:

Она што во излагањето го кажа министерот господин Ефремов а што се однесува на заклучокот на точката 3, укажувам на ова дека Собранието согласно член 314 од Деловникот ја задолжува Владата при подготовката на предлогот на закон да направи консултации со определени органи и организации што се наведени во точката 3 од заклучоците, а тоа е со универзитетите во Републиката одделни научни институции, истражувачки институции, Академијата, Стопанската комора и т.н. Додека она што го предложи министерот Ефремов и што инсистираше да се прошири расправата што граѓаните, тоа пред се се однесува на јавна расправа што претставува поинаква фаза во постапката на донесување на овој закон што овде тоа не се предвидува со заклучоците.

Затоа, доколку оваа напомена биде прифатена така како што овде според Деловникот можеме да констатираме предлагам да поминеме на успојување на заклучоците. Доколку министерот Ефремов инсистира на својот предлог да се стави законот на јавна расправа, да го поставиме предлогот пред Собранието и да гласаме за него.

Предлагам Собранието да се произнесе по рпедлогот на закон и да се даде на јавнас расправа. Во тој случај предлогот за донесување на закон треба да биде усвоен зашто јавната расправа се води по нацрт на закон а сега е предлог за донесување. Да побараме стручно објаснување кое ќе ни го даде секретарот на Собранието.

МИЛОВАН ШИКОВСКИ:

Според одредбите на Деловникот консултации со одделни органи и организации може да се вршат во фаза кога се

подготвува предлог за донесување на закон. Тоа се точно определени организации кои фактични може да придонесат во обликувањето на  текстот. Ако предлагачот, Владата сака да оди на јавна расправа тогаш треба да  се  утврди нацрт на закон. Оваа фаза на предлог за донесување е само утврдување на  потреба дека  треба да се донесе тасков закон. Во фазата на нацрт веќе имаме и комплетни решенија и тоа е втора фаза, па  такаискажаните предлози, мислења и сугестии во јавната расправа да се имаат предвид при погготвувањето на предлогот. Значи, јавна расправа се води според член 380 од Деловникот само во фаза на нацрт закон, а не и по предлог за донесување.

ГОРГИ ЕФРЕМОВ:

И јас неслучајно истакнав дека министерстовот за наука уште од првиот ден даде најсериозен приод во изгработка на предлогот за донесување на дзакон за научните дејности. Меѓутоа  маместо да  биде донесен по брза постапка се даде во редовна постапка. Целта на Министерството е видувањата по однос на предлогот на закон што го нудиме ца бипе соложан но не од носителите на институции, се мисли на Универзитетот, Македонската академија и членките нас универзитетот, како што е тоа содржано во заклучоците на Комисијата, туку мислењата во однос на  исправнсота на законот да го дадаст научните работници и пошироко. Ако со Деловникот на работа на Собранието е предвидека постапка за предлог на  закон треба да се консултираат одделни институции во овј случај се наведува кои се тие, јас сепак  сметам согласно и Деловникот појмот јавна расправа уклучува и едно и друго. Меѓутоа, ако поимот јавнас расправа дава простор да

бидат консултирани односно да се искажат членките на Универзитетот конкретно не научните работници туку оние кои извршуваат функции, тогаш јасно во постапката што се сугерира да е подолга дали траела 3 недели или 1 месец, во основа и ништо не ќе менува и доколку како што реков поимот нацрт разбира и јавна расправа, која ќе уследи после објавувањето на предлог законот во дневниот печат а со тоа не се ограничува правото никој да не се искаже вклучувајќи го и Универзитетот односно и научните работници.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

На двете комисии се водеше навистина конструктивна и плодна расправа и јас имав надежи дека ние прилично добро сме се договориле кој е најкраткиот и најконструктивен пат овој навистина потребен закон што порано да се донесе. Меѓутоа, сега се јавуваат бројни дилеми. Прво, под јавна расправа не се подразбира а ко законот се објави во дневниот печат и по објавувањеот на тој закон да се ја ват лугето кои имаат одредени сугестии и забелешки. Јавката расправа може да уследи само по нацрт на законот и тоа ке трае 3 месеци. Ако се согласивме дека има навистина потреба од донесување на овој закон, дека се извршени најголемиот број на припреми, дека е потербно само да се доконсултираат одредени институции кој што се да не кажам потежок збор засегнати или озаконети со овој закон,  тогаш комисијата ги предлага овие решенија со кој што е пронајден најкраткиот, најконструктивен пат овој закон што порано во форма на предлог на закон дојде пред ова Собрание. Ако се случи некој крупни доградбени забелешки да не се вградат во предлогот на законот, тогаш комисиите можат да ги одбијат изворните решенија во предлогот на законот и тогаш предлогот на заонот добива третман на нацрт и дури тогаш по силата на Деловникот и приликите ке мора да оди на нова јавна расправа од нови три месеци. Затоа ве молам прво ако се заговара јавна расправа треба Владата да прифати денеска законот да добие третман на нацрт на закон. Ако добие третман на нацрт на закон, јавната расправа трае најмалку 3 месеци. Ако се оди по предложениот акт со заклучоците кои се прочитани во сценариото ние ќе завршиме за многу пократко време ке ги исконсултираме заинтересираните организации, ке го подобриме текстот, толку колку што се може, ке расправаме одговорно, материјално, по неговиот предлог наскоро, дали тоа ке биде

на наредната  или понаредната седница и ќе ја завршиме успешно работата.

ДРАГИ АРСОВ:

По овие укажувања на Ханциски, претседател на комисијата за образование, анука и култура некои работи можеме сега да ги објасниме. Ако и натаму министерот Ефремов инсистира на нацрт, оваа претходна фаза нас не не спречува, откако претходно ке се извршат овие консултации со овие органи и организации и откако ке се оствари оваа соработка со универзитетите во Републиката и одделните научни и истражувачки институции и тие да се користат во оваа претходна фаза, тоа само ке ја олесни работата на Владата, таа да го подготви нацртот на законот, и на тој начин да се овозможи тој и ако и натаму инсистира Владата да се даде во јавна расправа. Ако така се согласивме тогаш да ги усвоиме овие заклучоци и Владата според овие заклучоци да ги изврши тие консултации па понатаму да го подготви и да го достави нацрт законот кој што понатаму ке го дадеме во постапка на јавна расправа.

ГОРГИ ЕФРЕМОВ:

Јас многу се извинувам што се јавувам по трет пат, мегутоа после искажувањата на мојот уважуван колега Ханциски кој зсуштност одразува крајна ирационалност, бидејќи јас претспоставував дека во исти период тоа значи за време од 2 недели или месец дена би бил под третман на нацрт или предлог и да за време од 30 дена сето може да се заврши меѓутоа, после ова укажува во случај на нацрт дека поста ката може да трае 3 месеци, јас го пирфаќам мислењето на комисијата. Ако може да трае месец дена, заправо тоа беше и причината на моето јавување, не гледам причина предлог законот да не биде ставен на јавна расправа која вклучува и едно и друго, меѓутоа, информацијата беше доколку се даде третман на нацрт постапката ќе трае 3 месеца,

а доколку е предлог ќе трае 15 дена, а ако законот овозможува во ист период да се заврши псотапката како нацрт закон, не како предлог, тогаш јасно Владата би била затоа. Да се даде што поширока можност за искажување во однос на тоа.

ДРАГИ АРСОВ:

Мислам не е спорно рокот на јавната расправа да биде пикраток, или три месеца. Ако сметаме дека расправата по ова е завршена, ако уште некој не бара збор тогаш да поминеме на заклучоците онака како што беа дадени сугестиите овде. Уште еднаш се враќаме на заклучоците.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот[г] за доенсување на закон за научно истражувачката дејност и констатира дека со овој закон се дефинира улогата на државата до обласга на научно истражувачката дејност во рамките на реформите на економска и политичкиот систем со вградување на решенија кој се применуваат во развиените земји во оваа област, како и нормативно правно усогласување со амандманите на уставот на Република Македонија.

Собранието го задолжува предлагачот да изготви и на Собранието да му достави нацрт пру што, ке ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собраниетог. на Република Макеоднија и укажувањата што беа изнесени во претресот по овој предлог.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Јас не верувам дека восценариото стои нацрт. Ние целата таа фаза ја поминавме. Се бара пречистен текст на предлогот да дојде на наредната седница и тоа е заклучокот во третата точка. Према тоа, ако треба да гласаме, а ми се чини дека треба да гласаме треба да се гласа точно за изворниот текст на заклучоците, бидејќи

се усогласени и деловнички и временски и законски и ако сега вметнеме нацрт тоа сега ке не врати три месеци назад.

ДРАГИ АРСОВ:

Повторно се враќаме на точка 2. Овде од господинот Ханџиски се укажа Владата да ни достави предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија и укажувањата што беа изнесени во претресот и да го прифатиме предлогот на министерот господин Ефремов да го подгови нацрто".

КИРО ПОПОВСКИ:

Почитувани пратеници, имам впечаток дека малку забина направивме на крајот околу постапката и што треба да усвоиме и како треба да усвоиме. Малку е контрадикторно и мислењето тна Комисијата, се гара редовнас постапка, а не се бара нов предлог за донесување да се изготви нацрт, туку се бара предлог на закон. И тоа е можно по Деловникот, тоа е ецнас редовна но скратена постапка, само во 2 фази. Господинот Арсов малку во предлогот направи обид и 2 предлога да ги спои да ги направи во еден предлог и мисласм дека на одреден начин тоа не е рационално да го задолжиме министерството да направи консултации со надлежпнтие научни институции, да направи предлог закон екој што после би го дал на јавна дискусија. Мисласм дека тоа е ирационално и во 2 период би се продолжила расправата. Според мене, како што внимателно ја следев дискусијата всушност има 2 предлога. Едниот е предлог од Комисијата за образование и т.н. кој предлагаат врз база на дискусиите од двете комисии и врз база на дополнителни консултации што Министерството би ги направиле со универзитетот, академијата и другите научни институции, да подговри предлог закон

и да го достави до Собранието на усвојување.

Тоа господин Ханџиски го предлага.

Вториот предлог што го предлага министерот за наука се сведува нас тоас да не се консултираат институциите бидејќи тоа би значело во 2 периодас водење консултации, туку врз база на забелешктие кои што се дадени Министерството да подготви предлог на закон кој што би го дал на јавна дискусијас и во рамки на јавната дискусија би биле опфатени сите. Би идел во нацрт и бил ставен на јавна дискусија, а со тоа би се скратил временскиот период од 1 месец.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Во однос на предлогот да се врати постапката на нацрт закон јас сметам" дека е неодржива и правилен е ставен предлогот нас пратеникот Ханциски треба да продолжи постапката со увојување на заклучоците. Сите закони не одат во јавна расправа. При приготвувањето се оценува кој закон ќе оди на јавна расправа и со кој рок. Тоа е пропуштено и од самиот министер не се утврдила потреба при составувањето на текстот. Бидејќи енам други дискусии освен процедурални да се оди на усвојување на заклучокот од Собранието, заклучоците го обврзуваат министерот, министерот не може нас да не обврзе. Меѓутоа, ако тој оцени дека ти4 заклучоци не може да ги спроведе може да бара во однос на својата функција да размисли.

ДРАГИ АРСОВ:

После овие објаснувања мислам дилеми не треба да има и останува да гласаме по предлогот за донесување на закок. Јас овде

од стручните служби некои сугестии меѓувремено добив дека не се исклучува да се води претрес и по нацртот на законот, меѓутоа, доколку тоа Владата го подготви и го даде во таа форма, но да го оставиме тоа Собранието да одлучи, ако се прифаќа ова да ги усвоиме заклучоците како што се дадени, односно да поминеме на усвојување на заклучоците по предлогот за донесување на закон да постапиме како што е предвидено со постапката, односно како што е предвидено со деловничките одредби.

ГОРГИ ЕФРЕМОВ:

Ќе бидам краток, Владата прифаќа мислењето на двете комисии. Сугестијата беше дека наместо консултацијата заклучокот кој дефинира МИнистерството да обави консултации со универзитетот МАНУ и т.н. мислењето на министерството за наука беше тааа консултација односно контакт да биде поширок со објавување на законот во дневниот печат. Ако тоа на одреден фначин интерперира со постап-ката, тогаш го уважува ставот на комисијата.

ДРАГИ АРСОВ:

Во овој случај тоа не е јавна расрпава, значи министерот инсистира на широка консултација, што се прифаќа.

Поминуваме на заклучокот. Значи се прифаќа со овие дополнувања што ги предложи комисијата и што овде беа дадени во претресот. Точка 3 од заклучокот. Собранието укажува на потребата предлагачот да оствари соработка со заинтересираните органи и организации односно на онаа поширока консултација, со универзитетите во републиката, одделните научно-истражувачки инстутуции,

МАНУ, Стопанската комора на Македонија и нивните мислења и предлози и забелешки да ги има предвид при подготвувањето на предлогот на законот.

Овој заклучок заедно со извештаите на ЗПК и Комисијата зас образоване и наука и култура да се достави до Владата на Република  Македонија и до Министерството за наука.

Кој е за молам да крене рака? (67 пратеници)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува? (2)

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Сакам да јас искористам можноста да вложам лиочен протест, заради тоа што во актулчнтие информации стана пракса да се подметнуваат фото копии од српски весници, од фељтони, од сензационалистички написи кои што немаат врска со актуелната ситуација што ги ценам како подметнување и потценување на овој Парламент.

МОлам, надлежниот орган, МИнистерствотзо за информации да го прими ова на знаење, доколку се согласуза Парламентот да ја испита состојбата и да не извести на следната седница како можело да дојде до оваа ситуација.

ДРАГИ АРСОВ:

Бидејќи по 22 точка во меѓувреме се извршени овие усогласувања на текстот со Мислењето на Владата по некои амандмани се враќаме сега на точката 22 од дневниот ред. Предлог за донесување на закон за' изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри на автомати, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбранг Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за стопанство и Законодавноправната комисија, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му го поредлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри на автомати.

Кој е за, молам, да крене рака? (пратениците креваат рака) .

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се возудржува? (3 пратеници)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен со 1 против и 3 воздржани.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот *на* закон.

Молам, кој е за, молам да крене рака.(Пратениците креваат

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеници)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлог на законот, со мнозинство гласови и 3 воздржани.

Отворам општ претрес по Предлог на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на членовите 2 и 9 став 1 и на новиот член 74-а став 1 и 2 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за финансирање и буџет ги поддржа овие амандмани

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на членовите 11 и 12 со кои се согласи предлагачот на амандманот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на членовите 1, 2, на новиот член 74-а и на новиот член 74-б, став 1 и 2 и тие се составен дел на текстот на Законот, освен ставот 2 на член 74-б.

Отворам претрес по амандманот на новиот член 74-б став 2 поднесен од Законодавно правната комисија.
Го молам претставникот на Владата да се произнесе по поднесениот амандман.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Во текот на седницата со стручната служба го расчистивме прашањето на овој амандман, со оглед дека нема друго според толкувањето на правната служба ние го прифаќаме амандманот.

ДРАГИ АРСОВ:

Бидејќи Владата го прифати овој амандман, амандманот ставнува составен дел на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам , кој е за, молам да крене рака.(61 пратеник)

Дали има некој против?(2 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање?(2 пратеници).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри на автомати.

Минуваме на точка 24, а во врска со ова е и наредната 25 точка. 24-та точка е Предлозите за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за предучилишно и основно воспитание и образование, со Предлог на закон, а 25-тата точка е Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за насоче-но образование, со Предлог на закон.

Бидејќи предлагачите на овие дава закона, односно овие закони што се дадени од пратеничката група на ПДП и НДП не се присутни, предлагам по овие закони да не раскраваме и тие да се одложат.

Комисиите дали имаат став по овие закони.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Комисиите имаат став, извештајот и по двата закона ви е доставен,меѓутоа со оглед на тоа што предлагачите не присуствуваа!

Комисијата не се состанала во меѓупериод од кога предлагачите одлучи-ле да не присуствуваат на седницата и неможе по тој дел да имаат став, јас можам да го искажам само своето мислеше дека во отсуство на предлагачите не треба да расправаме по двата закона туку треба да се симнат'од дневен ред.(Во салата реакција да го каже неговото лично мислење). Ако се отвори расправа можеме да зборуваме, ако за лично за мене прашувате може да го кажам само мојот став, меѓутоа, во расправата сигурно ќе земам прв збор и во името на Комисијата и во свое лично име. Ако отвориме расправа јас сум подготвен веднаш да почнам да зборувам. Посебно ми е симптоматично што колегите од ВМРО-ДПМНЕ се толку заинтересирани и за ставот на Комисијата и за мојот став.

ДРАГИ АРСОВ:

Ве молам дали да отвараме расправа, или законите да ги одложиме, тоа е суштината.

ДИМИТАР ДИМИТРОВ:

Почитувано Собрание, јас излегов тука за да укажам на уште една причина за неприфаќање на распраза на оваа точка. Веројатно оваа причина на која укажа Ханџиски е деловнички, меѓутоа сакам да укажам уште на една причина на која паднавме сите, а тоа укажува како не треба да се работи од гледна точка на редот и поредокот на правните прописи, во крајна линија на правната држава, која укажува како оваа точка некако преку трупа влезе во игра и сите паднавме на елементрни, процедурални нешта. Имам искуство за меѓународните и човечки права и знам дека таму за најмала процедурална некоректност се врши страотна селекција на поднесоци. Овие поднесоци во таа смисла се крајно некоректни од формална гледна точка затоа што не оперираат со јасни законски поими, напротив,

еден поим кој што опфаќа структура од десет елементи тука се разлага на три елементи, а тие три елементи се извојуваат на два дела, еден елемент се предлага да се третира на еден начин тоа е педагошката евиденција, а два елемента педагошката документација, свидетелствата и главната книга да се третираат на друг начин двојазично, а евиденцијата на јазикот на кој се изведува наставата. Ова формулација во двата предлога е елементарно фалична затоа ЈПТО законската дефиниција" на педагошката евиденциЈа и документација не допушта двоење и правилниците што се направени во двата закона не допушта . двоење затоа што не може да се разговара со ваков поднесок од формална гледна точка еден поим значи се деструира на недопуштен начин во два поима во десет елементи и во едниот и во другиот случај се земаат само по три елементи, а по седум елементи остануваат незафатени. Ако сакате да ви прочитам.

Сакам да укажам дека тука паднавме,ова е школски пример како сме се огрешиле на ноторнин процедурални нешта. Со ваков предлог неможе да се стапи во дијалог. Бидејќи еден поим е деструиран, тука еден поим од 10 члена е разложен на три, а седумте ги нема никаде. Да ви прочитам: Главна книга на редовните ученици, главна книга на возрасните редовни ученици, главна книга на вонредни ученици, свиде-телства, ученички книшки, дневник за работа на основното училиште, одделенски дневник за работа на паралелката, досие на ученикот, записници од одржаните испити, аналогно со мали разлики има и во Законот за средно образование, ова беше за основното образование.

ДРАГИ АРСОВ:

Бидејќи овде го чувме предлогот од претседателот на Комисијата да се одложи расправата по овие два закона, а во своето излагање министерот Димитар Димитров, тоа го поддржа, а укажувам и на фактот дека неможеме да водиме расправа и од таа причина што

предлагачите на Законот не се присутни. Затоа да поминеме на изјаснување Собранието со гласање да се произнесе за одлучувањето.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Неможе да стане, ако логично се размислува, збор за одложувања. Ние треба да оцениме дали воопшто тоа треба да стои на дневен ред. Имаме мислења од комисиите,сите мислења се негативни и зошто сега да одложуваме и повторно да создаваме ситуација, да охрабруваме некои тенденции што се длабоко спротивни на македонските интереси.

Јас сосема накратко во врска со тоа сакам да дадам кус прилог, затоа што сметам дека сите тоа го знаеме, но јавно не го кажуваме. Треба да го кажеме јавно она што го мислиме. Овде не се работи за притисок на партиите на албанското малцинство ПДП и НДП туку се работи за политички притисок на македонски политичари. Ова се обврски произлезени од конституирање на законодавната власт од изборите. За тоа постојат материјални докази во вид на стенограми и веројатно и други записи кои што можат да ја потврдат таа веродостојност. Јас сакам само ова да кажам ако ние имаме ситуација да ни е позната оваа декларација каде што се бара паралелна држава каде што образованието е само еден сегмент на една фаза и рушење на сите препреки на секој национален и агресивен налет на националистите и сепаратистите од албанското малцинство, треба ли овој колективитет македонски да добие уште една карактерна особина да го наречат и тоа дека е мазохистички. Што треба да се случи да проработат конечно одбранбените механизми на Македонија.

Затоа предлагам не да се одложува туку да се оцени дека нема потреба да се расправа.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Имаме и процедурални обврски што треба да ги запазуваме, ова е влезено на дневен ред и неспорно е дека претставник на подноси-телот нема. Ние по комисиите имаме негативни односи дали господин Ханџиски ќе; сака да каже што е одлука на неговата комисија тоа е друго прашаше, меѓутоа, ако некој од претставниците кои бараат да се одлучува по Законот кој е ставен на дневен ред нема одлагаше туку одлуката на Собранието треба да биде, тој да се симне од дневен ред за расправа и користејќи го деловникот му предлагам на Собранието овие два закона да се симнат од дневен ред.

ГОРГИ НАУМОВ:

Сега се виде дека Собранието не смее и неможе да работи оп ничиј притисок. Беше воспоставено дека Собранието треба да расправа за состојбата во насоченото образование, основното и средното по повод употребата односно неупотребата на писмениот албански јазик односно во документацијата, меѓутоа, и покрај исполнувањето на тој услов да се стави на дневен ред на Собранието независно кој е резултатс од комисиите ние тој услов го исполнивме. Недоаѓањето на пратениците на ПДП и НДП незнам како понатаму да сватам бидејќи ние тој услов го исполнивме а тие не се појавија, затоа што никогаш не мора да биде условот затоа што Комисијата со ставот на сите пратеници тука, во тој случај јас сметам дека неможе да дојде до одлагање туку едноставно до симнување на точката од дневен ред.

ГОРГИ НАУМОВСКИ:(продолжение)

Второ, заострувањето на состојбата овде во Парламентот, односно во вкупната состојба во Македонија по повод најновото поднесување на Декларацијата на ПДП и НДП за рамноправност на албанците. Јас не гледам дека некој може да го ускрати правото на рамноправност, меѓутоа сметам дека со овој потег се прави едно продлабочување на јазот кој наместо да го затвараме, се продлабочува и сметам дека тоа е една далекусежна малигна одлука за вакво политичко однесување. Јас мислам дека со ова всушност се сака да се глобализира прашањето на албанците во Југославија. Се гледа дека и тука не е решено прашањето по повод на нивните претходни барања. Мислам дека со вакви уцени повеќе не можеме да одиме. Тоа што е тука треба да го решаваме чесно, а не само со нови барања, со нови уцени и тогаш до каде ќе стигнеме?

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:

Во точката 24 пишува "Предлози за донесување", не "Предлог за донесување". Што значи еден од предлагачите и јас сум, а јас сум присутен тука. Дали ќе ја симнеме од дневен ред и мојата точкг ПДП и НДП не се тука и ги симнувате, но дали мојата точка ќе се симне сега?

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Јас би го замолил Парлементот во интерес на поефикасно работење. Сепак, да ја почитуваме работата на телата кои што се матични и стручни за една проблематика и извештаите кои што тие тела по нарачка на Парламентот му ги доставуваат на Парламентот. Во

третиот , односно четвртиот став од Извештајот на Комисијата за образование, наука и култура, децидно е кажано дека предложениот закон од господин Кирил Ковачевски за измени и дополнувања на Законот за предучилишно и основно образование не е разгледуван од страна на Владата на Македонија за што господин Ковачевски кој што беше присутен на седницата е и лично и усмено и во отсуство на писмено мислење исто така информиран и во отсуство на мислење на Владата Комисијата не можеше да го разгледа неговиот предлог за измени и дополнувања на Законот за предучилишно и основно образование. Кога ќе стигне мисле-њето од Владата, Комисијата веднаш ќе го уврсти на дневен ред и деловнички ќе може да се симне во Собранието.

Со оглед на тоа што не отвараме расправа, а сепак по малку неколку претставници од неколку партии се изјаснија. Мислам дека нема никаква дилема и во она што го кажа претседавачот, потпретседателот Драги Арсов и во тоа што сите овде го истакнаа дека двете точки треба да се симнат од дневниот ред. Посебно сакам да истакнам дека треба да ни биде на сите јасно дека апсолутно не станува збор за некакво обично просветителско административно прашање, туку дека станува збор за прашање кое што има првокласно политичко значење. Според тоа , со оглед на тоа што се задира во односите со парламентарни групи кои што претставуваат една народност во Македонија не така мала по бројност и дека станува збор за прашања кои што имаат политичка тежина сметам дека и за ова прашање и за сите било кои други прашања не ќе можеме само од стручна гледна точка по поедини матични комисии да ги расправаме проблемите и проценуваме само од таа гледна точка", туку ќе мора да седнеме како претставници на народот организирани во

повеќе различни партии да се издоговориме во пакет за сите аспекти на меѓунационалните односи и со албанската народност и со другите народности во Македонија. Ми се чини дека е сосема јасно дека тоа што се случува во последно време, посебно од кога дојдоа иницијативите за измени и дополнувања кога од оваа говорница беа изговорени и сосема поинакви залагања од оние со кои што се оправдуваше отсуството на пратеничката група на ПДП и НДП, инаку даве потсетам главното образложение беше дека се напушта седницата на Парламентот само заради тоа што некои сосема исправно деловнички поставени прашања, Парламентот не дозволува да дојдат на дневен ред. Према тоа со оглед на некои зафати и постапки кои што после тоа уследија сосема е јасно дека станува збор за една поширока активност која што има и подруги цели од оние кои што досега пред јавноста се објаснуваа и толкуваа. Да не должам, ако се цени дека навистина прашањето има голема политичка тежина и ако цени дека тие прашања од меѓунационалните односи ќе ни се провлекуваат низ стручните тела во разноразни подрачја и области и придонесување на разно разни закони. Можеби е дојдено време, предла-гам да овој Парламент преку политичките партии и не знам преку кој тела во Републиката организира една издржана расправа за севкупните аспекти на меѓунационалните односи во Македонија, да се во пакет сите наши односи издоговорат, макар и со партиите кои што по мое не смеат да останат во регистерот на партиите во Македонија, како што е НДП која што во својата Декларација јасно изјавува дека решение ќе побара во сенародно здружување и формирање на единствена албанска држава, на Балканот итн. Значи макар и со такви партии треба во целост во пакет да се издоговориме за се она што значи меѓунационални односи во Републиката. Ако и понатака ги одлагаме проблемите, ако ги оставаме да тлеат , да се пултиплицираат. Тие проблеми ќе земат замав, ќе земат

сила, ќе ни ги потрошат сите умствени и физички потенцијали кој што треба да ги префрлиме, знаете на кој подрачја, и ќе се доведеме во состојба во која што многу потешко ќе ги разрешиме отколку што сега можеме, или колку што можевме пред извесно време. Затоа уште еднаш апелирам да ја симнеме точката од дневниот ред. А за се што е проблем од ваков карактер и слични други проблеми, може да размисли Прет-седателството на Собранието да посветиме една седница на сите аспекти на меѓунационалните односи.
Благодарам.

ДРАГИ АРСОВ:

Ве молам, да не завлегуваме во расправа. Добро, има збор господин Крстевски.

За момент господин Крстевски, за реплика се јавува господин Ковачевски.

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:

Овој предлог закон е даден на 1.VI.1991 година. Точно два месеци. За тие два месеци, Владата не нашла засходно да го разгледа и да даде свое мнение. Додека за ПДП и НДП засходно нашла и дала мнение. Што значи се врши една дискриминација. Не се врши дискриминација само на мене, се врши дискриминација на целото македонско население од Тетово, исто така јас го преставувам пошто нема пратеник и Гостивар и Дебар, сум замолен и за нив. Значи огромно едно население кое чека, а Владата не наоѓа засходно во рок на два месеци да го разгледа ова прашање и да даде мнение. Што значи наоѓам тука една разлика од минатиот Извршен совет. Додека минатиот Извршен совет, пред две години донесе амандман 43 кој го усвои и према тој амандман работеше доследно. Додека Владава сега за два-три месеци

имајќи го тој амандман донесовме закон за предучилишно и основно образование и воспитание и после три месеци сака да го измени. Би барал да ми одговори Владата зошто се прави оваа дискримина-ција? Јас навистина би се повлекол.

ДИМИТАР ДИМИТРОВ:

Во два збора да кажам дека овој амандман на господин Ковачевски имаше ист третман како и другите два амандмана, односно во формата разни како беа поднесувани досега. Ние имавме идентичен одговор како за тие, така и за овој амандман дека нема потреба парцијално да се става на дневен ред, дека е најцелесообразно овие прашања што ги засегнуваат сите поднесени амаднмани да се третираат во склопот на изработката на новите системски закони на кои се работи. Во таа смисла ние имавме предлог да не се прифати и овој амандман кој што води кон заострување на санкциите во врска со прекршоците од непочитувањето на Законот за педагошката евиденција и документација. Сметавме дека како и за другите значи дека нема потреба сега од натамошно заострување на санкциите, дека тој сегмент на санкциите треба да биде предмет на разгледување значи на системските закони, да влезе во работа на системските закони. Тоа беше доста одамна. Јас не очекував дека на оваа седница и за тоа ќе стане збор. Не ги носам. Како дошло до тоа да не дојде до Комисијата, јас незнам.

НИКОЛА КРСТЕСКИ:

Иако има формални предлози да се одложи и да се симне дд дневен ред, претседавачот дозволува расправа дури и реплика. Јас го поддржувам предлогот да се одложат овие точки  број 24 и 25. Ние ги утврдивме на дневен ред, не можеме да ги симнеме. Можеме само да ги одложиме.Во прилот за одлагање јас мислам одредени

елементи беа дадени, со тоа што Владата уште еднаш да го преиспита ставот, стручен став да дава наместо политички став, а исто така Комисијата за образование и наука да не дава дипломатски заклучоци. Не знаеме што одлучивме. Доколку со мнозинство гласови од присутните во КОмисијата, значи сте го одбиле ставот на Владата, а не "не знаеме" бидејќи тројца беа за, тројца против и тројца воздржани. Доколку немаш позитивно мнозинство, односно еден повеќе од присутни-те, значи сте го одбиле. Нејасен извештај даваш овде и ние треба дипломатски да разликуваме. Јас сметам да се одложи расправата за одредени елементи да се дополнат. Друго, ние имавме еднаш диску-тирано, окончано оваа расправа. Услов беше да ја ставиме на дневен ред за да присуствуваат од ПДП и НДП. Ние го исполнивме условот, а очекуваме дека и тие ќе го исполнат условот да присуствуваат.

РАТКА ДИМИТРОВА:

Се извинувам само една куса реплика на предлогот на господин Ханџиски. За овој проблем за кој што господин Ханџиски предлага да водиме расправа групата ВМРО ДПМНЕ не прифаќа да разговара за меѓунационални односи, туку само како за повреда на суверeноста на владеењето на правото и законитоста, правата и слободите и сигурноста на граѓаните. Не прифаќаме разговор од позиција на закана и ќе бараме извештај од Владата за повредите на владеењето на правото во сите области.

ДРАГИ АРСОВ:

Сите овие искажувања се во функција на предлогот за одлагање на точките.

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:

Бидејќи процедурално нема смисла точките кои што ги утврдивме на дневен ред да ги симнеме од дневен ред, ми се чини исто така дека нема смисла и непотребно да се одлага. Јас предлагам да си останат точките на дневен ред и Собранието да се произне-се со гласање и по овие предлог закон.

СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:

Не е расправа, меѓутоа сакам да се заложам за одлагање на точките заради тоа што во меѓувреме може да дојде до присуство на предлагачите и да се даде време Владата да дојде со единствен став усогласен со Министерството за образование. Од кои причини? На Комисијата за образование дојде до ненормална ситуација. Сме навикнале како претставник на Владата да доаѓа претставник од Министерството. Меѓутоа, после долго чекање и ветување ние не добивме претставник од Министерството за образование. На крајот направивме голема пауза за да дојде претставник на Владата. Значи од Министерството за образование никој не се појави, туку дојде потпретседателот на Владата Блаже Ристовски. И од тие причини сметам дека треба да се даде време со одлагањето на овие две точки Владата во поширока смисла се усогласи со Министерството за образвоание и да помогне и на Комисијата и на овој Парламент по овие суштествени прашања.

ДРАГИ АРСОВ:

Сите овие излагања се совпаѓаат со основниот предлог овде што беше даден, не од еден, туку од повеќемина пратеници, а тоа е Предлогот точката 24 и 25 да се одложат од дневниот ред на оваа седница. Деловнички да се одложат, така стои. Да се симнат.

Но, деловнички стои да се одложат од дневниот ред на оваа седница. Ќе ве молам со гласање.
(пратениците во еден глас: да се симнат)

ДРАГИ АРСОВ:

Го молам секретарот да даде објаснување, бидејќи ова е деловничка одредба. Дали според Деловникот се предвидува да се симнат од дневен ред, или да се одложат. Да ја расчистиме дилемата. Забележувам подвоеност меѓу пратениците.

МИЛОВАН ШИКОВСКИ:

Според постапката што е обезбедена во Собранието имено имаме предлог од овластен предлагач, тој предлог беше даден на мислење од Владата беше ставено во процедура пред работните тела и до денес до одржувањето на седницата немаме мислење по сите предлози на Владата и работните тела односно комисиите кои ги гледале овие закони немаат искристализирано јасен став.

На седницата не присуствуваат и предлагачите па од тие причини деловнички е исрпавно да се одложи, тоа не значи на наредната седница, може и 2 години да не дојде на дневен ред всушност вие пратениците одлучувате накоја седница и кога ќе биде ставено. Ако е симнување, симнување е прашање кога Собранието, а порано соборите не ќе можеа да се усогласат со предлагачот на законот меѓу себе и тој се симнува и не може да биде ставено порано од 6 месеци. Но, вие оценете јас само образложувам. Според постапката до сега што се одвиваше најисправно е да одложи, а за која седница вие пак ќе одлучите.

ДРАГИ АРСОВ:

Ќе ве молам, го слушнавте образложението на секретарот и мораме да се придржуваме според Деловникот.

Ако е така предвидено според деловничките одредби да прифатиме одлагање на точките 24 и 25 од дневниот ред.

Предлогот за одлагање на точките 24 и 25 го ставам на гласање.

Тоа се точките 24 и 25 -Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за предучилишно и основно воспитание и образование со предлог на закон и предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за насочено образование со предлог на закон ги ставам на гласање.

Кој е за одлагање на овие точки молам да крене рака? (57)

Кој е против? (5)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека со мнозинство гласови се одлагаат од дневен ред точките 24 и 25.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Имам прашање од процедурална причина. И вчера не беа присутни пратениците од ПДП и НДП и не ми е јасно како можеше да дојде до тоа да останат тие точки на дневен ред, кога предлагачите не се присутни. Само сакам да укажам бидејќи не ви вам наменето, за вас присутните сакам да ве потсетам дека македонскиот народ гледа, тие се паметни луѓе можат да ја прозрат играта што се води овде во Парламентот.

НАУМ СИМЈАНОВСКИ:

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, не се однесува по основ на законите, проблемот е кој се уште постои што наставата на албански јазик се уште се води, па мислењето на Министерството во однос на ставот на Владата не е идентичен по овј проблем. Да каже на какво мислење е Владата

дали има проблеми во самата Влада (општо негодување во салата)

ДРАГИ АРСОВ:

Ве молам не водиме расправа.

НАУМ СИМЈАНОВСКИ:

Не водиме, но во контекстот на овие точки кои беа поставени на дневен ред.

ДРАГИ АРСОВ:

Ние гласавме и завршивме со тие две точки.

НАУМ СИМЈАНОВСКИ:

Со точките завршивме но со проблемот во Западна Македонија не завршивме.

ДРАГИ АРСОВ:

За проблемот ќе расправаме кога ќе биде на дневен ред.

Преминуваме на 2 6  точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со предлогот на законот и извештаите на Комисијата за труд и социјална политика, ЗПК и на Комисијата за општествен надзор и претставки ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Кој е за молам да крене рака? (Мнозинство)

Дали  има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен со мнозинство гласови.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седницас да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (Мнозинство)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Клонстатирам дека е усвоен предлогот на оваа сед ница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општо рпетрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор прастеникот Никола Стојановски.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, вие имате добиено предлог до претседателот на Собранието од Комисиајта за труд и социјална политика која го разгледуваше к го оформи на последните седници.

Иако е овој закон повеќе трансформациски покрената е широка акција на пензионерите во Републиката односно сојузот на пензионерите за разрешување на материјалнат положба на корисниците на пензии, како и целосно остварување на основните права од пензиско и инвалидско осигурување. Од повеќе собири и од Сојузот на пензионерите на Македонија беа доставени повеќе апели и иницијативи за покренување на овој проблем пред надлежните фактори од Републиката. Разгледувајќи ги овие барања и информацијата од Сојузот на пензионерите Комисијата на својата седница одржана на 10 јули 1991 година и"на 22 јули 1991 година оцени дека е потребно Собранието на Република Македонија да ја задолжи Владата на Република Македонија да преземе мерки за изнаоѓање финансиски средства за извршување на ненамирените обврски во 1990 година и 6-те месеци од 1991 година да утврди стабилни извори на финансиски средства реална ставка од придонес на личен доход кој е во нашата Република најнизок а во другите републики почна од 18 па до 23.

Редовно извршување на обврските на одделни категории на пензии, почитување на позитивните прописи за одење во пензија, а не технолошкиот вишок и социјалните проблеми да се решаваат преку пензионирање, преоценување односно укинување на членовите 3, 4 и 5 од законот за исплата на личните доходи и другите лични примања објавен во "Сл.весник на СРМ" број 2 донесен на 7 јануари 1991 година, со овој закон пензиите се замрзнати на ниво на октомври 1990 година со што се оштетени и пензионерите кои се пензионирани од тој период наваму, бидејќи коефициентот за формирање на основицата на пензијата се

утврдени врз просекот само на 10 месеци т.е. јануари-октомври 1990 година, а оневозможено е редовно тековно усогласување на пензиите со личните доходи на вработените во изминатите 6 месеци, како и утврдување на новата основица на пензиите за 1991 година.

Сите горе наведени барања претставуваат всушност основни права од пензиското и инвалидското осигурување и законот за пензиското и инвалидското осигуру'вање на Македонија, па затоа се инсистира од страна на пензионерите доследно да се почитуваат правата од надлежните републички органи, а проблемите бидат поволно решени.

ДРАГИ АРСОВ:

Има збор господин Александар Флоровски.

АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:

Изменувањето и дополнувашето на Законот за пензиско и инвалидско осигурување што се нуди со о*ој Предлог како што стои во образложението, има за цел тој да се усогласи со Амандманите на Уставот на Република Македонија, односно да се изврши трансформација на органи-зационият облик за спроведуваасто на пензиското и инвалидското осигу-рување од СИЗ во ФОНД. Со уставниот закон рокот за оваа трансформација беше утврден да биде најдоцна до 30 јуни 1991 година. Нема никакво оправдување што потребните измени и дополнувања не се предложија во пропишаниот рок.

Со оглед на можните проблеми кои би настанале во спроведуваше-то на пензиското и инвалидското осигуруваше ако сега не се донесат овие, измени и дополнувања, Предлогот треба да се прифати, а поради процедурални пречки за било какви дополнителни промени, да се донесе во предложениот текст, со тоа што и во оваа процедура има потреба да се дискутира за некои прашања утврдени со постојните Закони што ја регулираат оваа област, а не се опфатени со Предлогот за измени и дополнува&е на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Во материјалот, покрај образложението за Предлогот, дадена е и содржината на членовите од Законот за пензиско и инвалидско осигуруваше за кои се предлага да се изменат и дополнат. Содржината на предложените измени и дополнуваaa е сосема иста, освен што се терминолошки изоставени идеолошките предзнаци во називот на Републиката и одредниците од самоуправуваaето и се разбира не постои Собрание на СИЗ-от.

Значи, пресликуваaе и прекрстување на СИЗ-от во ФОНД кој и на-таму ќе продолжи да работи на ист начин и врз исти начела како и досегашниот СИЗ. Ако вака ја сфатиме потребата од измените и дополнувањата што се предложени, тогаш може да се прифати ставот на Владата дека не е во прашаље сложен ниту обемен закон п.а може да се примени членот 316 став 1 од Деловодникот на Собранието во донесуваaето на овој Закон.

Но во колку сакаме вистинска трансформација во организациониот облик за спроведуваaе на пензиското и инвалидското осигуруваaе, тогаш, овој Предлог дури и да го третираме како меѓуфаза во уредуваaето на овој систем, мора да изостанат начелата или барем некои од нив, врз кои и натаму ќе се спроведува пензиското и инвалидското осигуруваaе и уште со овие измени и дополнува"аа да се вѓрадат контурите на финансиски систем кој ќе обезбеди оствaруваaе на неотуѓивите права на осигурениците од пензиското и инвалидското осигурување.

Во колку се предложеа и вакви измени и дополнувања, 4 во тој случај не ќе станувaше збор за Закон кој не е сложен и обемен, туку, спротивно за Закон сложен и обемен и Закон кој ќе го трасира патот за оној нов Закон што го очекуваме.Закон кој ќе ги стави сите осигуреници во рамноправна полопба без разлика какви општествено-економски промени настанале.

Едно од начелата, предложено уште во првиот член е начелото на минат труд. За Начелата на взаемност и солидарност во овој момент да не дискутираме. Тие нека бидат предмет на натамошните дискусии. Но за минатиот труд мора и сега да продискутираме. Минатиот труд, познато е, како категорија и фактор во обезбедуваaето на материјалната и социјалната сигурност е типичен претставник на продуктите од договорната економија, а од неговото воведува&е во сферата на доходот и личните доходи, досега се уште не е дефиниран ниту, е воспоставен механизам за утврдуваaе на неговата вредност по работник.

Тој едноставно се определува зависно од годините поминати на работа со примена на одреден процент.

Минатиот труд, меѓутоа, промовиран како начело во системот на
пензиското и инвалидското осигурување, врз основа на кое ќе се"обезбедуваат" средства и остваруваат права од пензиското и инвалидското осигурување претставува инструмент (смислено вграден во овој систем) за пласирање на демагогијата дека пензијата претставува продолжен личен доход. Ако кон ова се додаде и фактот што средствата за спроведувашето на пензиското и инвалидското осигурување се прибираат преку придонесот од личен доход и доход со примена на единственастапка, тогаш е многу јасно зошто има толку големи разлики во пензиите односно демагогојата дека пензијата е продолжен личен доход си добива несоборлив алиби, а корисниците и потенцијалните корисници на високи пензииги мотивира во борбата за да се зачува постојниот систем и да гибранат своите високи пензгп: само заради тоа што во својот работен век, по разни критериуми работеле во монополски организации со високиплати или на одртјени места, исто така со вис-оки плати, а "борејќи" се за ниските загарантирани пензии можат "малку" да ги поправат и своите.

Со бришење на начелото на минатиот труд од системот на пензис-кото и инвалидското осигурување ќе се создадат барем минимални можности што побргу да се исправи една однеправдите во пензиското и инвалидското осигурување. За оние другите неправди, во оваа област, да се надеваме дека во овј состав наскоро ќе имаме можност да дискутираме.

Во причините поради кои треба да се донесе Законот посочена е причината дека со амандманите на Уставот е дадена можност со Закон поинаку да се организира обезбедувањето на средства и остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување. Веројатно повикувањето на амандманот на Уставот како причина за носењето на овој Закон е повикување на еден правен основ. Но овој Предлог на Закон никако не претставува решение за некое ново поинакво организирање на обезбедување на средствата. Тоа што, сега ќе се вика Фонд а не СИЗ во ситуација кога се задржува фискалниот начин на прибирање на средствата преку придонесите од личниот доход и доходот, а тие.натаму ќе се извршуваат под новото име "ФОНД" не значи промена на начинот на обезбедувањето на средствата' туку уште една козметика во напорите да се задрки статус "кво" и во оваа мошне зн.ачајна област. Добро, во овој краток период во областа на финансирањето на пензиското и инвалидското осигурува!Бе

не е така едноставно и лесно да се направат тие решавачки чекорн, зашто за да се направат тие чекори потребно е да се изменат серија на системски закони создавани и донесувани во еден подолг период од до-говорната економија.

Но во образложението кон овој Предлог закон и воведните излагања и дискусии неопходно е да се посочи потребата од воспоставува&е на стабилен, сигурен и ефикасен систем на ова осигурување во кој секој осигуреник ќе го оствари своето право без она: "пензиите доцнат оти нема пари".

Врзано на ова, а во врска со делот на образлоението каде се аргументира предлогот на новата организација на фондот и неговата стручна служба како организација за поефикасно и порационално работеае има потреба досегашниот СИЗ да даде информација за спровед, иаљето на пензиско и инвалидско осигурување особено за некои прашааа кои ќе имаат големо влијание за успешно работеае на Фондот.

На име, за она што не е предмет на зггконска регулатива, туку со така наречените самоуправни акти и други стручни упатства е овозмо-жено, без разлика на околностите во кои тоа е сторено, да се пречекорп обемот на остварените права, при примопредавањето на работата помеѓу досегашниот СИЗ и идниот ФОНД, потребно е да се направи пресек на сите покрупни прашања во однос на нивното уредување и расчистување, како би можел органот на идниот Фонд да стартува од чиста позиција со јасни обврски спрема досегашните не докрај завршени работи или не до крај расчистени прашаља.

Ова секаконема потреба да се регулира со Законски одредби но затоа може со заклучок или одлука на Собранието да се задолжи . Владата преку соодветните органи и слуби да се обезбеди ова примопредавање на средствата и работниците на правата, обврските и одговорностите.

Особено, станува збор за неколку покрупни прашааа:

1. Во 1989 година се изврши измена во Законот за пензиско и инвалидско осигуруваае во определуваaето на минималните пензии. Утврдени се со тие измени три групи на минимални пензии зависно од годините на работниот стаж со цел минималната пензија како минимум на социјално и материјално обезбедување на осигурениците кои ќе остварат право на пензија, што поправедно да се определува. Меѓутоа за неполни 10

месеци од примената на Законот бројот на корисниците на минималните пензии од 20 до 30 насто се зголеми на околу 80 насто од вкупниот број на пензионери, за да само за еден месец, декември 1989 година тој број повторно се сведе на околу 20 до 30 насто.

Со оглед на тоа што. претстои изготвување на нов систем на пензиско и инвалидско осигуруваше и за оваа категорија на осигуреници треба да се најде најсоодветно решение па е потребно да се има најчисти сознанија за тоа, дали е во прашаае погрешното системско решение или ваквите аномалии произлегуваат од спроведуването на Законските решенија во кој случај се потребни дополнителни активности за враќање на повеќе исплатените средства.

2. Во истата 1989 година во примена беа 'пакетот на Законските
прописи во областа на личните доходи, според кои, врз основа на дости-
гнатото ниво на личните доходи во август 1989 година се изврши такана оечената индексација на личните доходи. Применувајќи аналогија СИЗ-от на пензиското и инвалидското осигурувaње изврпш индексација на пензиите но од 1 јануари 1989 година. Не навлегувајќи во овој момент во тоа дали индексацијата на пензиите требаше да се прави од 1 јануари или не, се поставува прашаљето за претплатата на сите оние корисници на пензија кои правото на пензија го оствариле после 31 јануари 1939 година.

На име, на овие корисници на пензија наместо само да им се утврдп соодветното индексирано ниво на пензија, вршена им е исплата на пензи-јата во висина на утврденото ниво без разлика во кој месец 1989 година го оствариле правото. Така на пример за корисндк на пензија кој го остварил правото во август 1989 година, а пензијата му изнесувала околу 3.000 динари направена е претплата од околу 600 до 1.400 динари.

Со оглед на тоа што Фондот со овој Предлог на Закон има обврска да ја предлага стапката на придонес за пензиско и инвалидско осигурување, за нејзиното правилно димензионирање потребно е да има сознание дали е во согласност со законските одредби таквата состојба, пензиите остварени во 1989 година (а продолкуваат да се исплаќаат според тоа ниво и 1990 и 1991 година) да бидат во висина или повеќе од висината на личниот доход во последната година на осигуреникот.

Во колку пак има недоследности во примената на законските прописи односно вршенето на индексацијата и во врска со тоа настаната претплата фондот ќе има обврска да смета и со тие средства при предлагањето на стапката на придо'несот за пензиско и инвалидско осигурување.

Го носиме овој Закон по оваа постапка само поради обврската во овој рок да се изврши усогласување со уставните амандмани не навлегувајќи во постојната содржина на Законот за пензиско и инвалидско осигурување во однос на обемот на правата и остварување на правата на осигурениците и корисниците на тие права. Овој систем на пензиското и инвалидското осигурузање, ако може да се нарече систем, при првите покрупни општествено - економски промени ги покажа сите слабости на основните начела од реал социјализмот и договорната економија. Се покажа тром инертен неспособен да ги следи процесите на суштинските промени во однос на трансформацијата на општествената сопственост и приватниот капитал. Како последица на тоа настанаа и се уште трат о: омни тешкотии во вршењето на една од основните функции на досегашниот СИЗ и идниот Фонд, а тоа е исплатата на пензиите.

Од друга страна на пензискато и инвалидското осигурување така да се каже "врие" од права кои не се пропишани со Законот за пензиското и инвалидското осигурување туку со други Закони кои се применуваат како лекс специјалис и кои се разбира пропишуваат поповолни услови за остварување на правата. На пример: едногодишниот просек за определување на пенѕијата и посебно вонредно зголемување на пензиите за работниците во органите за внатрешни работи, намалување на старосната граница за одење во пензија и зголемување на стажот поради право на бенефициран стаж за истите работници и ра-ботниците во Народната и територијалната одбрана и за цивилните лица на служба во ЈНА, посебните додатоци на Заслужни граѓани и на лицата кои во текот на НОВ и во повоениот период вршеле раководни и одговорни функции и така натаму.

Во услови кога најниската група на минимална пензија изнесува 1.670 динари а ја користат околу 21.000 корисници, кога 18.350 корисници примаат заштитен додаток поради немање на никакви други приходи, а заедно со додатокот Пснзијата или изнесува 1.900 динари, во услови кога 64.650 корисници примаат пензија во висина до просечната пензија која изнесува 3.089 динари, во услови кога сите овие вкупно 104.000 корисници и не ја примаат таа ниска пензија редовно, односно на време, се наметнува неопходна потреба при носењето на нов Закон за пензиското и инвалидското осигурување, добро да се преиспитаат видовите и обемот на правата.

Затоа е потребно носењето на новиот Закон да се орочи во најкраток можен рок, ако е тоа можно до крајот на годината.

ДРАГИ АРСОВ:

Дали министерот Сабриу по однос на овие две излагања чувствува потреба да се произнесе?

Има збор господинот Сабиру.

ИЛЈАС САБРИУ:

Мислам дека дискусиите на пратениците во голема мера држат и мислам дека трега да се имаат предвид при изготвување на системскиот закон за пензиско и инвалидско осигурување.

Посебно, господинот Сотојановски кажа дека треба да се изнајдат стабилни извори на финансирање на пензиското и инвалидското осигурување за што и Владата се ангажира. Но ке имаме и такви стабилно избори , какво стабилно стопанство ке имаме. Ако немаме стабилно стопаснтво, што и да преземаме не ке можеме ништо да обезбедиме бидејќи од други извори тоа неможе да се обезбеди. Трансформацијата од СИЗ во фонд не е така лесна и за кратко време, за 1 година да се направи. Знаеме сите овие фондови се најаки на запад, најаки банки, но тие се со традиција од неколку децении. А ние денеска пред извесно време почнавме да се оддалечуваме од договорната економија и да одиме на пазарно стопанство, така што и овие проблеми во оваа област како и во другитек области ќе имаме проблеми и потешкотии и не ќе можеме така лесно да ги надминеме.

Инаку, околу замрзнување на пензиите, тие се замрзнати со Законот за личните доходи и мислам дека од 1.УТ. тие се од-мрзнати, бидејќи се надмина нивото и сега се усогласуваат, како што тоа беше најавено со 7, 4% и секој месец ќе ја следат судбината на личните доходи во областа на стопанството.

Господин Флоровски, покрена многу прашања што заслужуваат внимание и се присутни во рамките на министерството. Тие

прашања ќе треба да ги вградиме воновиот системски закон. Впрочем тој така и заврши, а Законот треба да се донесе до крајот на годината. Еден таков предлог на закон беше во процедура во Собранието во март, меѓутоа Владата оцени дека треба да се пристапи кон посериозни измени и дополнувања кна Законот, посебно околу регулирање на правата, укинување на некои права и веројатно во текот на расправата, тогаш кога ќе дојде на дневен ред, тогаш ќе расправаме. Иако во дискусијата имаше и некои работи што не се на дневен ред. Кога би бил Извештајот за работа на СИЗ-от треба да се укажат како слабости итн. за што Министерството, Владата и Парламентот треба во секој случај да водат сметка во наредниот период.

Инаку, да не должам многу, мислам дека овој закон е чисто усогласување со амандманите, трансформација и таа трансформација на СИЗ-от се предлага во фонд за пензиско и инвалидско осигурување и мислам дека во голема мерка фондот, бидејќи сега управниот одбор, гледате во Законот какво решение предлагаме, Владата, односно Собранието има амндман и ќе видиме како ќе одлучиме ќе има големи ингеренции и голема контрола во работењето на овој фонд и да се надеваме дека тие слабости што до сега биле присутни ќе жбидат надминати.

Инаку, проблемите во оваа област се доста тешки. Ние денеска на Владата расправавме и веорјанто на една од наредните седници ќе го информираме Собранието за состојбите во областа на пензиското и инвалидското осигурување.

ДРАГИ АРСОВ:
Има збор, г-дин Фаик Абди.

ФАИК АБДИ:

Сметам дека ова што е прочитано од страна на младиот господин пратеник не е лошо. Добро е. Веројатно нашите пензионери, родители, пријатели и другари напишале еден материјал, ги искажаа маките заради малите пензии, начинот како се доаѓаше едно време до пензија итн. Тоа е се убаво. Навистина е многу тешко со мали пензии да се земаат на 3-4-5 месеци и тоа е уште потешко. Тешко се преживува. Но, ние овој парламент, мора да знаеме, пензионерите мора да занаат, ако се вратиме наназад 10-тина години, на пример 1979/80 година и видиме колкаво беше нашето производство во Македонија воопшто, во сите, области, во сите сегменти и колкаво е сега, ќе видиме дека сме заникаде. Неспоред-лива е разликата. Ако се земе тогашниот личен доход и го ревалризираме со стапката што фактички е присутна, тогаш тој личен доход кој знае каков би бил сега. Односно, како опаѓаше продук-тивноста на трудот, како опаѓаше производството, што ќе беше, односно што е нашиот личен доход сега.

Нашите пензионери мора да знаат дека нашата материјална положба е многу лоша. Сигурно ќе дојдеме до уште полоши социјални тензии, за некој месец. Сигурно и ние овде, пратениците и целото наше стопанство, па и пензионерите ќе доживееме некој социјален слом. Убаво е нашите пензионери да пишуваат и други материјали што ќе се однесуваат на порастот на производството, ќе повикуваат на слога, на мир, на подобро користење на капацитетите, поголеми производни и финансиски резултати, поголеми ефекти во економијата пред се, и само на таков начин и на тој принцип да расте онаа маса поголеми средсдтва за пензии, за живеење.

Други средства незнам дали има државава, Собранието, Владата. На страна тргнато некои средства и само ете за пензии, па ќе ги зголемиме. Такви средства, колку што јас знам нема. Тие се создаваат така како што се исплатуваат личните доходи така се издвојува и за сите други финансирања на општите општествени потреби па и пензиите.

Според тоа, драги пензионери стрпете се, дај боже што се вели уште утре да имаме мир да имаме поголемо користеше на капацитетите а секако и животот бе биде подобар и на вас пензионерите и на сите нас, на нашите деца и внучиња да можеме животот да им го олесниме. Инаку вака сите одиме во пропаст.

ДРАГИ АРСОВ:

За збор се јави г-дин Јовчевски.

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:

Наполно се согласувам со дискусијата на г-дин Флоревски меѓутоа навистина никаде до сега, а имам доста години седено во овие пратенички клупи, иако се залагам цело време за земјоделците, за жал досега ништо не е сторено. Односно, за статусот на земјоделците. Па, со сто динари земјоделска пензија, да ми простите не ќе може ќе ја злоупотреба говорницата, една ортома да си купи да си го одземе животот за да се ослободи од своите маки. Знаеме дека селата се испустени и живеат претежно стари луѓе што не можат да егзистираат од таа пензија а не се во состојба својата егзистенција да ја обезбедат преку работната сила, да обезбедат повисок профит и остваруваше услови за опстанување во животот.

Исто така, што се однесува до метологијата за распределба на пензиите, навистина е фрапантна работа. Од причини што секогаш

високите лични пензии ги остваруваат онаа категорија на граѓани што, да ми простите, како и ние денеска што ги мафтаме нозете во овие клупи, а за 45 години се виде до каде дојде нивното работеше, бидејќи еден систем се руши односно идеологијата што е спроведувана пропаѓа а оној работник кој со својата работа од 40 или 35 години работен век произведувал, создавал, на пример еден градежен работник каде се гледа и тој и денеска зависи од една социјална помош. Додека пак категоријата луѓе што цело време, како што реков што можеби доста луѓе седеле во овие наши клупи како што и ние сега седиме, имаат висока пензија и егзистираат а нивниот труд се гледа кадек отишол.

На крајот, уште еднаш апелирам до Владата, кога ќе се донесува, бидејќи ова е за средување на амаднманите да ја имаат предвид категоријата земјоделци и методологијата на распределба на пензиите, односно ако поминуваме во пазарно стопанство, тогаш да ги имаме исксутвата од развиените земји каде има пазарно сотпанство, Австралија, Америка, Канада или другите развиени западноевропски земји.

ДРАГИ АРСОВ:

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Да ја сумираме расправата.

Од една страна од пратениците беа изнесени по оваaa точка содржински и значајни укажувања. Не е тука пратеникот Флоревски, во неговите искажувања имаше и некои предлози, барања за зак'лучоци и некои други конкретни предлози, тој не е тука присутен па не можеме од него да побараме да видимек на што инсистира и на што останува.

Бидејќи нема амандмани можеме од сето тоа да заклучиме и сигурно со едно такво укажување и заклучување пратениците што овде настапија овде во дискусијата ќе бидат задоволни ако нивните искажувања ги имаат предвид претставниците на владата што се овде и внимателно ги сослушаа и се произнесоа по нив, тие укажуваша од страна на пратениците да ги опфатат со подготовката на системските закони или пак, незнам дали од страна на учесниците во оваа расправа се инсистира Владата да подготви една информација од областа на пензиско инвалидското осигурување односно информација за проблемите сврзани со оваа проблематика во која ќе бидат елаборирани овие предлози. Во расправата по таа ифнормација да се дојде до одредени насоки што понатаму ќе бидат користени за вградување и за изработка на тие системски закони.

Дали со една вакава констатација се согласува претставникот на Владата.

Има збор потпретседателот на Владата г-дин Жута.

БЕЌИР ЖУТА: (продолжение)

На 23 мај оваа година овој Парламент расправаше за извештајот за работата на СИЗ за пензиско и инвалидско осигурување. Исто така, расправаше и по еден друг работен материјал кој беше во составот на извештајот, каде што беа регистрирани проблемите кои на еден начин се овие кои и денес се квантифицираат. Диспропорцијата помеѓу правата и материјалните можности е актуелна. Билансните можности се тие што се. Стопанството е во колапс во оној во кој се наоѓа. Прашањето бара решение. Ние и денеска по повод ваквите проблеми кои се актуелизират во врска со редовната исплата на пензиите го расправавме проблемот пред да дојдеме во Собранието не по овој повод, затоа што денеска вие имате повод да донесете закон за трансформација на СИЗ-от во фонд , не за суштински проблеми да се расправа. Ние утвдивме некои заклучоци кои што треба да ги провериме во која мерка можат надлежните министерства на Владата да ги предлагаат решенијата. Затоа што не е едноставен проблемот. Тука се во прашање 400 милиони пренесени како недостиг на средства од 1990 во 1991 година. Тука е фактичката состојба во стопанството каде што околу 180 иљјади работници не примаат редовен личен доход, а следствено на тоа не внесуваат и во фондовите, не само во овој, туку и во другите фондови. Следствено на тоа тука се и начините каде што организациите, претпријатијата во неможност да исплаќаат личен доход одат преку недозволени форми да исплаќаат некакви си бонови и на друг начин за да ја избегнат кризата и слично. Не е едноставен проблемот, не е непознат проблемот. Тој бара решение и мора да се најде решение.

- Го молам претставникот на Владата на Република Македонија да го образложи општиот интерес за усвојување на овие одредби.

Има збор Илијаз Сабриу.

ИЛИЈАЗ САБРИУ:

Мислам дека треба да прифатиме дека се работи за општ интерес за Републиката со огледдека оваа трансформација требаше врз основа на Уставниот закон да биде заклучно со 30.VI. Бидејќи ние не успеавме поради познати причини и на вас и на нас сите тука, денеска сите тука, денеска се наоѓа на дневен ред иако е одамна доставен и во Владата и во Парламентот. Значи, бидејќи треба да се применува од 1.VII. треба да има повратно дејство овој закон и од тие причини цениме дека се работи за една област која и тоа како е од посебен интерес за Републиката зашто и јас и потпреседателот зборувавме и во Законот стои "Предлагам Собранието да го прифати овој закон од посебен интерес на Републиката за да се донесе на денешната седница"

ДРАГИ АРСОВ:

- Го чувте образложеието на членот на Владата дека постои општ интерес за усвојување на овие одредби.

- Дали Собранието прифаќа дека постои општ интерес за повратно дејство на одредбите на овоп Предлог на закон.

**Прифаќам.**

- Констатирам дека Собранието утврди дека постои општ интерес за повратно дејство на одредбите на овој Предлог на закон.

Ве известувам дека Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандман на член 112, Комисијата за општествен надзор и претставки поднесе амандман на член 115 а Законодавно правната комисија поднесе аманд-мани на членовите 3, 4 и 12.

Со предложените амандмани се согласи претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани и на членовите: 112 став 2, и 113 став 1 со кои не се согласи претставникот на предлагачот и согласно одредбите на Деловникот, Собранието треба да води претрес по секој амандман одделно.

ОТВОРАМ ПРЕТРЕС ПО АМАНДМАНОТ НА ЧЛЕН 112 став 2 ПОДНЕСЕН ОД ЗАКОНОДАВНО ПРАВ-НАТА КОМИСИЈА

- Молам, кој бара збор?

ИЛИЈАЗ САБРИУ:

Мислам дека во читањето или во Извештајот е грешка, бидејќи ние не се согласивме ни на Комисијата за труд за овој амандман. Мислам за амандманот што се однесува за член 112.

Владата расправаше повторно по овој Предлог, односно по амандманот на ЗПК и Комисијата за труд и на некои предлози што ги имаше господинот Петров и останува на решението што е во Законот.

Имено тоа се однесува, во основното решение предла гаме со Фондот да управува управен одбор составен од 9 члена.

Управниот одбор односно членовите на Управниот одбор да ги именува Владата. Тоа е врзано исто така и со членот 113 односно

и потоа повлекува бидејќи и з,а директорот се бира по пат на јавен конкурс по мислење на Владата, а го избира Управниот одбор.

Амандманот на ЗПК и на Комисијата за труд се состои во тоа наместо "Владата" тие предлагаат Управниот одбор и директорот да биде избран и верифициран од Собранието. Владата не може да го прифати овој амандман од неколку причини, а најкарактеристична е оваа што сакам да ја изнесам тука.

Молам, да остане решението како што е предложено во Законот.

Цениме дека Владата како оперативен орган на Собранието може далеку побрзо и поефикасно да ги решава проблемите и прашањата сврзани во оваа област. Од тие причини инсистиравме Гуправниот одбор да биде именуван од страна на Владата на Македонија. Можеби не е за кој знае посебно образложение, но скоро во сите републики и таму каде што имаме нови закони Словенија и Хрватска и во сите други републики Извршниот одбор е именуван од страна на Владата на Македонија. Со тоа цениме дека Владата во голема мера, бидејќи го следи спроведуваењто на Законот и во оваа област е должна на Собранието да му поднесува Извешта за предложените мерки, преземените активности итн. Цениме дека би било добро и управниот одбор биде именуван од страна на Владата со оглед дека се работи за една многу важна дејност, бидејќи тоа е од посебен интерес за Републиката.

Од тие причини предлагам да остане ова решение како што е предложено во Законот и ги молам пратениците така и да го прифатат. Тоа е нашето образложение и мислам дека ние во оваа фаза не би можеле тоа да го прифатиме шаше право е како ќе одлучите.

ДРАГИ АРСОВ:

Го чувме образложението на претставникот на Владата господиин Сабриу. Тој останува на ставот така како што е во Законот. Значи не се согласува со ЗПК , со предлагачот на амандманот.

Молам, дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејки никоЈгне бара збор, го заклучувам претресот по амандманот на член 112 став 2 и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(42 пратеника)

Дали има некој против?(6 пратеника)

Дали некој се воздржува? (10 пратеник)

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 112 став 2 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 113 став 1 поднесен од ЗПК.

Молам, кој бара збор?(никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот поамандмабт на член. 113 став 1 и амандманот го ставам на гласање,

Кој е за, молам да крене рака. (50 пратениќа) .

Дали има некој против? (1 пратеник) .

Дали некој се воздржува од гласање?(6 пратеника).

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 113 став 1 поднесен од ЗПК.

Пратеникот Зоран Крстевски во име на пратеничката група на Реформските сили на Македонија - Либерална партија поднесе амандмани на членовите 112 став 1, и 4,116 и за додавање на нов член 9-а.

Комисијата за труд и социјална политика не ги поддржа а претставникот на предлагачот не се согласи со овие амандмани и согласно одредбите на Деловникот Собранието треба да води претрес по секој амандман одделно.

ОТВОРАМ ПРЕТРЕС ПО АМАНДМАНОТ НА ЧЛЕН 112 став 1 ПОДНЕСЕН ОД ПРАТЕНИКОТ ЗОРАН КРСТЕВСКИ.

- Молам кој бајра збор?

Има збор Зоран Крстевски. ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Практично амандманот 1 што го поднесов, ние со изгласувањето на ставот на ЗПК всушност го усвоивме и мојот амандман со тоа што сега останува да се усогласи ставот 4 од истиот амандман. Консеквентно н апромената наместо зборот "Владата" се заменува со зборот "Собранието".

Значи во членот 112 став 1 зборот "Владата" да се замени со зборот "Собрание". Ова го предлагаме од причина што во новиот член 112 став 1 на овој закон алинеја 1 се регулира дека во Фондот се спроведува политика на развој на пензиско инвалидско осигурување која ја утврдува Собранието на Република Македонија. Од тука логично е согласноста за изборот на директорот на Фондот да се дава во Собранието.

ДРАГИ АРСОВ:

Молам, дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот на членот 112 став 1

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака?(пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (1 пратеник) .

Дали некој се воздржува? (7 пратеника) .

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 112 став 1 поднесен од пратеникот Зоран Крстевски.

Отворам претрес по амандманот на член 112 став 4 од пратеникот Зоран Крстевски.

Молам, кој бара збор?(никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот на член 112 став 4 поднесен од пратеникот Зоран Крстевски

(Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(47 пратеника)„

Дали има некој против? (7 пратеника) .

Дали некој се воздржува?(5 Пратеника).

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 112 став 4 поднесен од пратеникот Зоран Крстевски.

ДРАГАН АРСОВ:

-Отворам претрес по амандманот на член 116 поднесен од пратеникот Зоран Крстевски.

Молам, кој бара збор. (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот на член 116

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (пратениците креваат рака 44 гласа)

Дали има некој против (8 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласањето. (6 пратеници)

Констатирам дека Собранието го .го усвои амандманот на член 116 поднесен од пратеникот Зоран Крстевски.

Отворам претрес по Амандманот за додавање на нов член 9-а поднесен од пратеникот Зоран Крстевски.

Молам, кој бара збор. (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот за додавање на нов член 9-а.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (9 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање. (6 пратеници).

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот за додавање на нов член 9-а поднесен од пратеникот Зоран Крстевски.

Со оваа точка привршуваме.

За збор се јавува пратеникот Тодор Петров.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Ако некој од пратениците се присутни во салата барам да ги исполнуваат своите обврски и должности според деловникот и да учествуваат во гласањето. Ние кворумот, од амандман на амандман постојано го менуваме. За последниот амандман има 39 за, 9 против, 6 воздржани и излегува дека има 40,50 души присутни. Значи немаме кворум. Затоа молам пратениците редовно да си гласаат по амандманите.

ДРАГАН АРСОВ:

Пребројувањето на гласовите очигледно покачува очигледно не гласаат ќе ве молам за да поефикасно работи Собранието упатувам апел и молба до сите вас да гласаме. Еве при крај сме со оваа точка ќе дадеме пауза.

Пратеникот Симеон Ивановски поднесе амандмани на членовитс 12, 25 и 32.

Овде од секретарот ми е укажано дека овие амандмани се однесуваат на стариот текст на закон што Владата го повлекла. Според ова, овие амандмани неможам да ги поставам на дневен ред.

Продолжуваме по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор. (никој).

Видејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е зам молам да крене рака. (62 пратеници).

Дали има некој против. (1 пратеник)„

Дали некој се воздржува од гласање. (2 пратеника).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското реосигурување.

По повод донесувањето на овој закон Комисијата за труд и социјална политика му предлага на Собранието да го усвои следниот работен заклучок:

1. Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата на Република Македонија да продолжи и понатаму континуи-рано да ги следи состојбите во областа на пензиското и инвалидското осигурување и во рамките на материјалните можности на Републиката да обезбеди доследно остварување на основните права од пензиското и инвалидското осигуруваше.

2. Со оглед на ниските износи на пензии во Републиката, односно на 103 илјади од вкупниот број на корисници на пензија примаат пензија до 3.000,00 динари, Собранието укажува дека е потребно, Владата на Република Македонија да преземе конкретни мерки со кои ке се овозможпи поредовно исплатување на пензиите во Републиката.

3.Имајќи ја предвид тешката материјална и финансиска пложба во Републиката, која условува ненавремено исплатување
на пензиите, неизмирување на сите законски обврски тѓрема корисниците на пензија, Собранието смета дека Владата на Република Македонија треба да ја преоцени стапката на придонес од личен доход за пензиското и инвалидското осигурување.

4. Собранието смета дека прашањето во врска со изменувањето на Законот за исплата на личните доходи треба да
уследи по донесувањето на Одлуката на Уставниот суд на Југославија.

5. Овој заклучок заедно со дописот на Комисијата за труд и социјална политика да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за труд и социјална политика.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене? (пратениците креваат рака - 60 пратеници),

Дали има некој против. (никој),

Дали некој се воздржува од гласање. (2 пратеници)

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Да се договориме понатаму за текот на седницата.

Дали да дадеме пауза или да продолжиме утре. (гласови во салата: пауза а некои довикуваат утре).

АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:

Предлагам по усвојувањето на овој закон да ја завршиме работата и да продолжиме утре. Ви се молам неможе повеќе и физички да издржиме, само физички сме присутни овде и скоро да не следиме ништо. Ако треба само формално да ги донесуваме овие закони така да одиме, дајте во пакет наеднаш да ги усвоиме и да си заминеме. Мислам дека тоа не е во ред. И толку еден човек физички може да издржи, толку саати на овие жештини. Нема никаква причина да продолжуваме сега, туку да завршиме сега односно да ја прекинеме седницата и утре да продолжиме.

ДРАГАН АРСОВ:

Се предлага да продолжиме утре.

(гласови да продолжиме утре)

Ја прекинувам седницата и да продолжиме утре во 10 часот зашто во 8 часот е закажана седница за Комисијата за уставни прашања.

(седницата прекина со работа во 18,10 часот).